**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 март 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,36 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Ги молам пратениците да си ги завземат своите места.

Пратениците: Абдуладии Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвија Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Зоран Витанов, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Љубчо Георгиевски, Јани Макрадули, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска, Есад Рахиќ, Игор Ивановски,Никола Рилковски, Владо Бучковски, Валентина Божиновска, Марјан Додовски и Александар Николвски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам сите пратеници присутни во Собранието да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги повикувам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам координаторите на пратеничките групи да интервенираат.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Точка 24 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација, со Предлог на закон.**

Собранието го усвои Предлог за донесување на закон.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 60 пратеници гласале за, воздржано 1, против 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници, за гласале 62 воздржано нема, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација.

**Минуваме на точката 25 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од Амандманот 16 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има и мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворма претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот заменик минситер за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам претсетаделе.

Почитувани пратеници,

Причините за предложените измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се: потребата за допрецизирање на условите под кои единиците на локалната самоуправа ќе можат да се задолжуваат, потребите за усогласување со Законот за буџетите, како и воспоставените процедури за трезорско работење и усогласување со Законот за прекршоци.

Подобрувањето на текстот и прецизирањето во делот на задолжување на општините во земјата, како во земјата така и во странство, е извршено во соодветни членови кои се однесуваат на процедурите, активностите на општините за краткорочно и долгорочно задолжување во земјата и странство, во насока на јакнење на одговорноста и контролата на финансирање кај одговорни лица во општините.

Со законот исто така прецизно се утврдува одговорноста на Советот на општината, како и на градоначалникот на општината во однос на постапките и процедурите за задолжување на општината односно јавните претпријатија чиј основач е општината.

Предлогот за изменување и дополнување на Законот исто така е во функција на потребното усогласување на овој закон со Законот за

финансирање на единиците на локалната самоуправа со Законот за буџетите и процедурите за трезорско работење, кои воедно се однесуваат и на самите единици на локална самоуправа.

Предложениот текст на законот ќе придонесе за поефикасно буџетско управување и поефикасен финансиски надзор. Со Предлогот на законот исто така прецизно се утврдува одговорноста на градоначалникот во однос на постапките и процедурите за финансиско работење, со што воедно се зголемува ефикасноста и транспарентноста на локалната власт во управување со финансиските средства во целина. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега има збор Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик минситер за финансии,

Со предлагањето на измените и дополнувањата на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа од страна на Владата, за мене дефинитивно станува јасно дека оваа Влада нема намера да го продолжи процесот на децентрализација, и покрај објаснувањето дека со овој закон се врши допрецизирање со одредени закони како што се Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Во суштина со овој закон се спречува натамошниот процес на финансиска децентрализација во Република Македонија и се заоструваат критериумите, се зголемуваат надлежностите на централната власт, на Владата во однос на постапките околу задолжувањето на единиците на локална самоуправа. Кога на ова ќе се додаде и Законот за рамномерен регионален развој, кој го разгледувавме во права фаза претходно, кој исто така се однесува на прашања кои директно ги засегаат единиците на локална самоуправа, повеќе од јасно е заедно со овој закон дека Владата не сака да ги пренесе надлежностите или да го ослободи процесот на децентрализација, како би можел тој да профункционира онака како што беше најавуван за време на кампањата на локалните избори и како што треба да личи еден процес на децентрализација во кој општините ќе добијат не само надлежности, туку ќе добијат и финансиски можности и права тие надлежности да ги извршуваат согласно со Законот.

Оваа моја констатација ја влечам од тоа што оние членови кои што се предложени да се изменат и дополнат во овој закон, всушност директно значат ограничување на единиците на локална самоуправа на општините да можат да се задолжуваат и да можат своето финансиско работење да го планираат и преку овој инструмент на работење. Знаеме дека процесот на децентрализација има неколку фази. Првата фаза веќе е започната од 1 јули 2005 година и со таа фаза на општината беа пренесени надлежностите околу образованието, надлежностите околу детските градинки, околу урбанизацијата и издавањето на градежни дозволи, беа пренесени надлежностите околу противпожарната заштита, но беа пренесени и надлежности кои општините не можат да ги извршуваат затоа што немаат доволно финансиски средства.

Во рамките на општините, Владата со првата фаза на децентрализација предвиде да се префрлаат само наменските дотации, односно средства кои се доволни за планирање само на тековните расходи кои ги прават институциите во надлежност на општината, како што се средствата за комуналии, средствата за транспорт на учениците, додека суштинската децентрализација откако првата фаза заврши добро беше планирано да започне од 1 јули оваа година, во која покрај дотациите кои требаше да бидат префрлени преку локална самоуправа, а кои се однесуваат на платите на институциите кои во претходниот период беа децентрализирани, сега требаше да се овозможи и прашањето за финансиско задолжување на општините, односно да се одобри користењето на овој инструмент. Очигледно е дека Владата-тоа го зборувавме уште при донесувањето на Буџетот-нема или не сака да понуди концепт и втората фаза од процесот на децентрализација да продолжи. Само како пример, во законот кој е денес на дневен ред пред Собранието, во членот 1, кој се предлага да се измени, сега во овој член се предвидува општината да може да се задолжува и во земјата и во странство само со претходна согласност од Владата. Во претходното решение тука стоеше само со претходна согласност може општината да се задолжува во странство. Сега се додава и во земјата што директно значи уште едно ограничување на единиците на локална самоуправа.

Во членот 3 се додава еден нов став, во кој Владата или Министерството за финансии ќе утврдува колку изнесува една третина од претходно извршените разходи во претходната година до колку општината премине на времено финансирање и не го донесе буџетот на време, па тогаш би ги запрашал од Министерството зошто со процесот на децентрализација општините се деекипираат да можат финансиски сами да ги вршат своите работи. Тоа што се вработуваа овластени сметководители, зошто се вработуваат внатрешни ревизори, зошто се формираат сектори или одделенија за вршење финансиски работи ако сега Министерството за финансии треба да пресметува колку изнесува една третина од претходно извршените расходи. Дали тоа значи директна недоверба на Владата во работењето на единиците на локална самоуправа?

Исто така, во однос на прашањето на долгорочното задолжување на општините во земјата, со претходното решение беше дозволено за задолжувањето во земјата општините да исполнат одредени предуслови како што се: континуирано во рок од 24 месеци да нема долгови или обврските да можат да ги

финансираат редовно, односно да нема повеќе од 90 дена доцнење во исплатата на обврските. Сега и таа можност се укинува и вкупното задолжување на општината и во земјата и во странство потребно е да се ограничи и Владата е таа што во исклучителни ситуации м оже да дава гаранции, уште една надлежност или уште една можност општините да го подобрат своето финансиско работење Владата директно ја укинува.

Затоа, сметам дека образложението кое што е дадено со Предлог законот и образложението кое што го даде претставникот на Владата во оваа ситуација не држи и не се работи само за усогласување на овој закон со Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, туку значи директно отворено ограничување на можноста општините односно единиците на локална самоуправа да го користат и финансискиот инструмент “задолжување” како можност за решавање на одредени пробелми во единицата на локална самоуправа или како можност да се започнат одредени капитални инвестиции, кои на долг рок би носеле директни придобивки за граѓаните. Сметам дека до колку вака се изгласа овој закон, тоа ќе значи уште еден удар на процесот на децентрализација и јас истиот нема да го подржам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма и јас.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги,

Дозволете во кратки црти да дадам неколку коментари во однос на предложениот Предлог закон. Значи моето мислење е слично како и на мојот колега. Со овие измени по мое лично убедување и според она искуство што го имам со работа во лоакалната самоуправа, мислам дека се прави сериозен удар врз процесот на децентрализацијата. Имено, во неколку наврати во овој собраниски дом по разни законски проекти во однос на Буџетот, ребалансот на Буџетот сме дискутирале на оваа тема и секогаш сме доаѓале до иста констатација дека е потребно да се даде посилна инфузија на локалната самоуправа, на општините за да може да одговорат на предизвиците на комплексниот процес наречен децентрализација.

Им беа дадени голем број на надлежности во три сегменти. Евидентни се проблемите во делот финансиско покривање на обврските и во образованието и во социјалната заштита. Но, секогаш предизвик на локалната самоуправа, на градоначалникот е да направи нешто повеќе, да направи нешто подобро, да направи некое обележје по кое што ќе биде запамтен во општината. Бидејќи ресурсите се секогаш ограничени, значи постојат според закон неколку можни извори, финансиски средства кои што ќе поткрепат некој проект на градоначалникот, или Советот на општината. Меѓу другото значи еден од постојните механизми е задолжување на општината. Ако се анализираат внимателно старите решенија во овој закон и новите предложени решенија, логично се наметнува прашањето, ако Владата е гарант за задолжување на општината во странство, а сега дома, зошто воопшто по мене и во старото решение се јавува Министерството за финансии во Законот, бидејќи секој оној кој што работел во Влада знае дека пред Владата да донесе воопшто одлука за било која финансиска трансакција, или гарант од страна на Владата, се бара мислење од страна на Министерството за финансии. Во голем дел на случаи не само мислење од Министерството за финансии, туку и посеопфатна анализа и ставови. Така што за мене ова навистина е вишок во самиот Закон. Ако Владата се јавува како гарант природно е Министерството за финансии секогаш во самата работа на Владата е вклучено во сите овие сериозни проекти.

Сериозни отстапки се прават во делот на ингеренциите на градоначалникот во однос на тековната резерва. Имено, во старото решение оној кој што одлучуваше за висината на резервата беше градоначалникот, а сега користење на средства од резерви од ставот 1 на овој член одлучува Советот на општината. Во член 4 вели: По исклучок од ставот 3 на овој член за користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50 илјади денари одлучува градоначалникот. Значи, се лимитираат неговите ингеренции. Сега логично се поставува прашањето прво, дали е ова во согласност со Законот за локална самоуправа каде што се прецизно наведени ингеренциите на градоначалникот, значи, дали доаѓа до колизија на ова предложено законско решение со веќе постоечко законско решение. Понатаму, логично се поставува прашањето, ако се лимитира градоначалникот до одредена сума и повисоките износи се во ингеренциите на Советот на општината, тогаш паралелно со тоа би можело да се размисли и ние да ја лимитираме Владата во одлучување на одредени средства, па другото да премине во рацете на Собранието на Република Македонија, што навистина се коси со уставните ингеренции на поделба на власта на: законодавна, извршна и судска. Значи, по мене би требало да се преиспита ова решение, иако можеби претставникот на Владата има поинакви аргументи, би сакал да ги слушнам, можеби се издржани.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Предраг Трпески, заменик министер за финансии.

**Предраг Трпески:** Едно појаснување. Значи, во досегашниот закон за резервите одлучуваше Советот на општината, исклучиво Советот. Сега, ќе може со овие измени да одлучува и градоначалникот и нормално дека е лимитиран. Ова е во согласност со Законот за буџети, затоа што и министерот за финансии е лимитиран да одлучува за резервите и Владата е лимитирана. Значи, не може да биде тоа дискреционо право

неограничено. Така што досега исклучиво Советот одлучуваше за резервите како од тековните, така и од постојните. Значи, сега се дава право и на градоначалникот да одлучува, но се става ограничување. Такво ограничување има и министерот за финансии.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници.

Имајќи во предвид дека денеска го разгледуваме Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, сметам дека на претходните неколку седници расправавме околу финансирањето на единиците на локалната самоуправа, односно зголемувањето на процентот од додадена вредност за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Меѓутоа, читајќи го овој Закон и разгледувајќи го, јас не знам зошто е толку брзањето за донесување на овој закон, имајќи во предвид дека овие измени и дополнувања не се усогласени со Европската унија и мислам дека немаше потреба сето тоа да се брза околу донесување на еден ваков закон. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа јас не видов мислење од заедницата на единиците на локалната самоуправа се со една единствена цел, бидејќи овој закон ние ќе го донесеме, а фактички ќе го користат некои други. Ќе го користат градоначалниците и советите на општините во Република Македонија. Со овој закон мислам дека се ограничуваат некои ингеренции и на градоначалниците и на советите на општините. Јас би се осврнал тука во членот 1 став 2, општината може да се задолжува во земјата и странство само со претходната согласност на Владата на Република Македонија утврдена врз основа на мислење од страна на Министерството за финансии. Во ред е тоа “од странство”. Меѓутоа, за мене за во земјата да се задолжува по било кој основ општината, барем да се лимитирани сумите на задолжувањата, а не вака и за најмал кредит ќе дојде во ситуација да се бара согласност од Владата на Република Македонија и од Министерството за финансии. Тука сметам дека можеби има едно разграничување на сумите, односно ако на пример се работи за сума над милион денари, тогаш да се бара согласност од Владата на Република Македонија, а до милион денари, да ги дава врз основа на мислење од Министерството за финансии. Мислам дека може да се најдат некои решенија кои што ќе бидат многу пофлексибилни и поедноставни за функционирање на овој закон. Исто така, во членот 3 став 3, градоначалникот одобрува исплата на средства по сметки и по програми и ставки од Буџетот, но најмногу до 1/3 од вкупно извршените расходи од првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март имајќи во предвид во готовински текови. Мислам дека еден квартал, да се располага со сумата од 1 квартал е исто така многу и мислам дека треба да се остави старото решение во кое што беше поделено на 1/12, односно секој месец да се трошат исти средства како што се трошеле во претходните. Бидејќи знаеме дека имаме можности на промени во тековната година, можеби настанале некои промени, па така не би требало да имаат градоначалниците толкава флексибилност да располагаат со 1/3 од Буџетот на општината.Исто така и во членот 5, износот во резервите до 50.000 денари одлучува градоначалникот. Сепак, сметам дека до 50.000 денари за општина Битола е ништо да одлучува градоначалникот. Меѓутоа, до 50.000 денари да одлучува градоначалникот на општина Лозово, или Чешиново, Облешево, сметам дека е многу. Исто така, и тука треба да имаме една дистинкција, односно разграничување на општините според бројот на населението. Не можете да ставите една голема општина градоначалникот да располага најмногу до 50.000 денари, а една мала општина да располага со истите средства. Сепак, мислам дека е невкусно спрема големите општини.

На крајот јас би се осврнал и би апелирал на една друга работа, а тоа е околу обезбедувањето на средствата за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Јас сум убеден дека овие средства, овој процент кој што се издвојува од данокот на додадена вредност е многу мал и сметам дека со овие средства општините нема да можат да се финансираат, ќе мора да бараат задолжувања и ќе мора да бидат под капата на Владата на Република Македонија, а самите и во вашите програми и во програмите на сите политички партии се залагавме за независност на градоначалниците, односно поголема флексибилност во нивната работа за да ги остваруваат своите програми кои што ги ветиле пред граѓаните на општините.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Пред се на самиот почеток сметам дека Владата треба да го повлече овој закон од собраниска процедура заради тоа што не ја гледаме согласноста на заедницата на единиците за локална самоуправа при донесувањето на овој закон. Добро се сеќаваме како помпезно премиерот и одредени министри во разговорите со управниот одбор на заедницата на единиците на локалната самоуправа најави дека ниеден закон нема да се донесе без соработка и согласност со заедницата на единиците за локална самоуправа. Имавме и порано еден таков предлог на закон во ова Собрание и имаше реакција од заедницата на единиците за локална самоуправа. Тогаш се помина така како што се помина. Сега на ист начин иако законот содржи само 8,9 члена, овој закон директно задира во

независноста на локалната самоуправа,а сами секогаш потенцираме дека локалната самоуправа е независна власт од централната власт. Но, тоа најверојатно оваа Влада само декларативно го кажува, тоа ќе го потврдам со следново. Ако се усвои овој закон став 2 од членот 1 директно ја ограничува независноста на единиците на локалната самоуправа, односно на општините. Не само што треба да бараат мислење, односно согласност од Владата на Република Македонија за задолжување, туку тоа треба да се заснива врз основа на мислење на Министерството за финансии, односно со оглед на тоа што само еден критериум, тоа е успешно работење во последните две фискални години. Не постои друг критериум врз основа на кој што министерот ќе даде, или нема да даде согласност на задолжување во земјата и во странство на единиците на локална самоуправа, односно на општините. Јас не сакам да верувам, но ова ме упатува на тоа, дека овој член, овој закон се носи за дисциплинирање на градоначалниците кои што се од спротивна политичка опција. Затоа што не постои законска одредба врз основа на која што министерот ќе биде должен да издаде мислење доколку се исполнуваат одреден вид на критериуми. Тоа можеби некој ќе рече дека ќе се решава со правилници, со подзаконски акти, или не знам како. Но, ова како што е овде напишано јасно е насочено кон дисциплинирање на градоначалниците од политичките партии кои што нема да припаѓаат во моментот на оние партии кои што ќе ја формираат Владата. Сега е оваа Влада, а по 4 години ќе биде од други политички партии, најмалку е битно во овој момент. Но, да зборуваме за она што во иднина може да се случува. Ако остане овој член, тогаш мора да се предвидат санкциите против министерот за финансии кој што нема, иако бидат исполнети условите за задолжување на одредена општина, да дава мислење до Владата врз основа на тоа да се даде согласност. Такви мерки во овој Предлог на закон не се предвидени. Наспроти тоа има драконски казни за градоначалниците доколку не успеат, односно не постапуваат согласно овој Предлог на закон.

Јас ве прашувам, ако ги казнувате градоначалниците, зошто тогаш не предвидете казна да го казните и министерот за финансии доколку и покрај исполнетите услови не даде мислење, а со тоа и согласност од Владата за исполнување на условот за задолжување.

Следното кое што би сакал да го прокоментирам е членот 2 кој што е крајно нејасен член. Во ставот 2, односно под број 2 се вели: Јавните претпријатија основани од општината можат да се задолжат само по претходно издадена гаранција од Советот на општината за што Советот донесува одлука. На каква гаранција овде се мисли? Ако мислите дека треба гаранцијата да произлегува, со која што се гарантира од Буџетот на општината, тогаш морам да кажам дека оние кои што овој Закон го предлагаат воопшто не ја разбираат локалната самоуправа и воопшто не влегле во општина. Затоа што Буџетот на една општина е многу помал од едни јавни претпријатија кои што се во општинска сопственост, во сопственост на општината, но кои што се самостојни во своето работење. Тие имаат многу поголеми финансиски средства отколку што е Буџетот на општината.

Следното, каква ќе биде таа гаранција, ако се гарантира од Буџетот на општината, еве да речеме имотот на општината, голем дел од општини немаат имот, каква ќе биде таа гаранција која што ќе биде толку мала согласно буџетите кои што ги имаат општините и која што нема да биде доволна за во одредена банка да се задолжи јавното претпријатие. Од практични причини ќе ви кажам. Имате јавни претпријатија кои што земаат по милион евра кредит и кои што со успешно работење тој кредит го враќаат. А истовремено Буџетот на таа општина е 200, 300 илјади евра. Со што ќе ја издаде тогаш Советот на општината таа гаранција?

Досега беше, Јавното претпријатие да си гарантира со својот имот. Советот на општината дава само согласност и реагира во дадено време, ако Јавното претпријатие не го враќа долгот. Сега вие оневозможувате и оние успешни јавни претпријатија кои што работат по општините да можат да размислуваат понатаму за својот развој.

Би завршил со тоа дека законот треба да се повлече не по вина на овие што сме овде присутни, но од други причини овие закони не ги разгледуваме на Комисијата за финансирање и буџет и таму не можеме да го изнесеме своето мислење и да продискутираме да ги разјасниме некои работи, но сметам дека овој закон е уште една делница од патеката на длабоко централизирање на власта во Република Македонија. Не сакам да верувам дека и ова е во склоп на цензурите во културата, на тотаризмот во многу сфери кој што ќе се спроведува во Република Македонија за кој ќе се сетиме подоцна, но ќе биде доцна дека и ова е во таа насока. Вака како што е даден законот ги спречува општините да се развиваат. Ако е таа целта, да можат да се развиваат само оние општини кои што ќе имаат градоначалник во моментот од каде што ќе биде Владата, сметам дека сме на погрешен пат. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

За реплика се јави господин Оливер Деркоски, повелете.

**Оливер Деркоски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ќе реплицирам на дел од излагањето на колегата Слободан Најдовски во делот на примерот што го наведе за гаранциите што треба да ги дава Советот на општината со носење на одлука за заеми, односно кредити на јавните претпријатија. Тоа е разбирливо, затоа што едноставн во Законот за локална самоуправа е предвидено дека Советот на општината, односно општината е основач на јавните претпријатија. Како основач на јавните претпријатија општината ги презема сите

права и обврски и на јавните претпријатија при преземањето на сите правни дејствија, кои што Јавното претпријатие ги презема понатаму во текот на своето работење. Исто онака, како што може Советот да одлучи при усвојувањето на завршната сметка на едно јавно претпријатие, ако има добивка Јавното претпријатие, дел од добивката да ја пренасочи за користење на други цели, односно други потреби на општината, исто така и општината е должна да гарантира кога Јавното претпријатие зема заеми, или кредити, бидејќи е основач на тоа Јавно претпријатие.

Од тие причини, сметам дека треба да се појасни таа ситуација и да не се политизира тоа прашање.

Понатаму, овој Предлог на закон се искористи малку да се политизираат работите, а се работи само за едно обично допрецизирање на постапки и на процедури во трезорското работење, кои што мора да се допрецизираат, за да функционираат подобро самите локални самоуправи, односно општините.

Во таа насока би апелирал другите пратеници од опозицијата да не ги политизираат работите без потреба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Контра реплика има господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господин Деркоски сакаше да каже дека јас не ги разбирам работите. Но господине Деркоски се гледа дека вие не ги разбирате овие работи. Ќе ви кажам едноставно, јас сум бил 4 години директор на едно јавно претпријатие во општина и знам како одело тоа и успешно сум работел. Но само да ви појаснам. Вие за она што го зборувате, тоа е согласност. Значи, Советот ќе даде само согласност, Советот не може да даде гаранција, затоа што нема моќ. Буџетите се мали.

Второ да ви кажам, ние како држава, како Република Македонија донесовме закон кој што јавните претпријатија на републичко ниво повеќе не им издаваме гаранција, туку се задолжуваат со донесување на закони, кои што самите тие да бидат должни и обврзани да го вратат кредитот, вие ова го носите на локално ниво. Јас само сакам да ви кажам нешто, но не ја разбирате работата. Во што е таа гаранција. Буџетот на општината е мал да даде гаранција на едно претпријатие, кој што има пет пати поголем буџет од буџетот на општината.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Сега збор има господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Ќе се обидам и јас да го кажам мојот став околу овие Предлог измени на законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и навистина, се надевам дека ќе бидам правилно разбран. Бидејќи е Предлог за донесување на овој закон, сметам дека е апсолутно непотребен и е предлог кој што може да направи вистинска забуна, пред се во Законот за буџетите и Законот за јавен долг.

Имено, сакам да го потсетам предлагачот дека во причините за донесување на законот, наведено е дека како што и вие спомнавте во вашето излагање дека основна причина за донесување на овој закон е прецизирање на условите од кои единиците на локалната самоуправа може да се задолжуваат.

Сакам да ве прашам, дали може да ми одговорите што е тоа јавен долг. Јавен долг, според Законот за јавен долг е државниот долг и сите финансиски обврски создадени преку задолжување на општините и на Градот Скопје, како и на јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целина или во доминантна сопственост на државата. Значи, и општините и Градот Скопје.

Пред да поминам на материјална расправа мислам дека е добро, доколку сите овие дискусии кои што беа досега искажани од страна на пратениците се увидоа и се повлече овој Предлог закон заради тоа што ќе направиме грешка, доколку внесеме вакви измени на законот, кој што ќе стане составен дел на еден системски закон, кој не може во иднина, или можеби ќе го кочи функционирањето на локалната самоуправа во Република Македонија. Бидејќи Законот за финансирање на локалната самоуправа е системски закон. Имено, сите знаеме дека системот на локалната самоуправа во Република Македонија се темели, или почива на три закони. И тоа, Законот за локалната самоуправа, Законот за територијална организација и Законот за финансирање на локалната самоуправа. Предмет на Законот за финансирање на локалната самоуправа и уредување на финансирањето на единиците на локалната самоуправа, односно општините, како што впрочем стои и во член 1 од овој закон.

Апсолутно, не држи образложението дека со овој закон се прецизираат условите од кои може да се задолжуваат единиците на локалната самоуправа и дека се врши усогласување со Законот за буџетите.

Почитувани колеги,

Во Законот за буџетите во член 1 стои дека Законот за буџети е закон со кој се уредува постапката за изготвување, донесување, извршување на буџетите на Република Македонија и буџетите на општините.

Додека, со Законот за јавен долг, се уредува управувањето со јавниот долг, намените на државниот долг, постапката и начинот на задолжување, постапката на издавање, сервисирање и престанок на државни гаранции, како и формирањето за јавниот долг. И вие во вашето излагање зборувавте токму за ова што е содржина на Законот за јавен долг. Апсолутно не го спомнавте Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Почитуван заменик министер,

Во системски закон, како што е Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа не личи или не може апсолутно, не треба да стојат казнените одредби туку тие треба да бидат сместени пред се, во материјалните закони, како што е Законот за јавен долг. Дури и самиот претпоставувам, знаете дека и тој еден член, членот 47 што постои, што го има во постојниот Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа треба да биде некој од материјалните закони, како што веќе реков, Законот за јавен долг. Исто како буџетирањето не може да се третира во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа туку само во Законот за буџети. Едноставно кажано, овој закон системски е и треба да биде максимално усогласен со Законот за јавен долг бидејќи мора да ја почитуваме одредбата, или причината, или основната причина за донесување на еден ваков закон, во кој што се вели дека се бара допрецизирање под кои услови единиците на локалната самоуправа може да се задолжуваат.

Мислам дека ќе направиме голема грешка ако го прифатиме ваквиот предлог, бидејќи тогаш со право сите оние кои што се заинтересирани, а тоа се пред се вработените во единиците на локалната самоуправа ќе го поставаат прашањето што ќе се случи со законите за буџети и Законот за јавен долг. Дали измените кои што ќе ги има или ќе ги донесе ова Собрание ќе важат за нив директно или индиректно или пак тие ќе останат исти. Или зошто не се почитува препораката од Советот на Европа, препораката на Советот на министри, препорака број пет, која што вели и се однесува токму на задолжување на општините дека треба да се поканат локалните и регионалните власти да проценат колку е оправдано, посебно во случаи предизвикани од потребите од спроведување на национална монетарна политика, да ги ограничат износите на краткорочните долгови, заеми, покуси од една година, договорени од страна на локалните власти, кога се ставаат такви јасни ограничувања и да ги дефинираат на јасен објективен и разбирлив начин. Или, особено важно, исто така друга препорака на Советот на министри, која што не знам зошто администрацијата во Министерството не ја земало предвид, која што вели следно: да им овозможат на локалните и регионалните власти, ако го сакаат тоа да си организираат служба на национално ниво со специјализиран персонал оспособен да ги даде сите барани информации за можностите за финансирање на капиталните расходи и услугите за тоа и се со цел, се разбира на подобро раководење и намалување на трошоците на добиените кредити.

Почитувани колеги, апсолутно значи овој Предлог закон не оди во прилог на децентрализација на власта во Република Македонија, туку напротив, сите ние треба да знаеме, а знаат и предлагачите, дека се додека општините во Република Македонија немаат фискална автономија, не може воопшто да стане збор за локална демократија, уште помалку за децентрализација на власта, без разлика дали се работи за првиот, вториот или не знам кој чекор што ние милуваме пред странците да зборуваме дека навистина се наоѓаме на вистинскиот пат и дека ги носиме нашите законски проекти со оние што се во демократска Европа. Навистина мислам дека овој закон ќе го уназади процесот на децентрализација на власта во Република Македонија и токму од тие причини, како што реков и на почетокот, предлагам да не се направи закон, не само во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, туку и во другите два закона, а тоа е Законот за буџетите и Законот за јавен долг. Најдобро би било кога би можел истиот овој предлог да биде повлечен.

Инаку, што се однесува до амандманите кои што се поднесени од страна голем број пратеници и ако влегуваме во материјална расправа на сите членови, верувајте скоро да нема член за кој што не би имало нешто да се каже. Се работи за голем број на членови, кои што апсолутно не држат, дури некои се ставени, иако содржински не менуваат ништо. Не знам која била целта на предлагачот да си дозволи такво нешто. Можам да спомнам и неколку примери. Имено, да речеме во членот 50 ств 1, општината може да се задолжува долгорочно во земјата во согласност со одредбите од овој закон и дава гаранции за јавните претпријатија, кои се основани од општината, откако Министерството за финансии ќе утврди дека општината итн. Тоа е по стариот закон, или по новиот, општината може да се задолжува долгорочно во согласност со одредбите на овој закон и дава гаранции за јавните претпријатија кои се основани од општината, откако Министерството за финансии утврди дека. Што е разликата? Апсолутно нема никаква разлика. Или новиот предлог континуирано во период од најмалку две фискални години од денот на примената на овој закон, редовно доставуваат позитивно оценети финансиски извештаи. А во сегашниот закон стои: во период од најмалку 24 месеци, наместо 24 месеци ставено е период на 2 години. Тоа е најголемата разлика и суштинската измена на овие измени и дополнувања на Законот за финансирање на локалната самоуправа. Ценам дека има море од аргументи зошто овој Предлог треба биде повлечен од понатамошна собраниска процедура. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега збор има господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседател, колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Сакам да кажам накратко неколку збора околу донесувањето на овој закон за измена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, кој што неколку пати го разговараме. За жал, минатиот пат Владата не не удостои ни со мислење по однос на тој закон, кој што имаше

суштинска измена и имаше суштинско влијание во однос на функционирањето на локалната самоуправа, заради тоа и на овој закон поднесовме поголем број амандмани, заради тоа што сметаме дека ќе го подобриме овој процес на децентрализација кој што е и те како важен во овој период за Република Македонија. Сите други гледаат дека во Република Македонија овој процес заостанува, па дури и се уназадува освен оние кои што треба да гледаат. Владата и пратениците во Собранието на Република Македонија, сите ги чувствуваат сигналите кој што некој ни ги испраќа дека не е важен квантитетот на закони кои што ги донесуваме, тоа пред некој ден го кажа и директорот на Комесаријатот за проширување, туку е битен и квалитетот на законите кои што е донесен во Републичкото Собрание за да можеме да добиеме соодветна позитивна оценка и со тоа да продолжиме напред со овј процес.

Мислам дека со вака предложениот закон во кој што единствено добро е усогласувњето со законот за прекршоци, кое што е неопходно во овој период и малиот број на членови, а поднесени поголем број на амандмани на овој закон укажува на тоа дека недоволно се пристапува сериозно кон измената на овој закон несогледувајќи ги потребите кои што ги има, туку повикувајќи се, впрочем тоа е и во причините за изменување на овој закон и образложениeто ако го читате ќе ги видите истите три четири реда на образложение. И во причините и во образложението без да се каже што е тоа што се усогласува после поднесувањето на извештаите итн.

Мислам дека задолувањето кое што досега било во странство со претходна согласност на Владата сега се става и за заеми во земјата и со тоа директно вршиме упад кон процесот на децентрализација или ставање во рамки, поцврсти рамки на централната власт во Република Македонија на едниците на локалната самоуправа и на тој начин директно оставаме можност за политизација на целиот овој процес, или за селективно одлучување при давањето на согласности за задолжувањето на земјата во овој период на децентрализација ако имаме во предвид дека токму во овој период ќе имаме голем број на фондови предпристапни кои што ќе можат да ги користат единиците на локалната самоуправа, а потребата од таквите фондови и изградбата посебно на инфраструктурата и на сите други објекти кои што се потребни за граѓаните на овие локални самоуправи се доведува во прашање заради тоа што навистина ќе биде значајно дали градоначалникот е од политичката опција која што е во моментот на централна власт или е од страна на опозицијата и тие кои што се од опозицијата ќе ги најде истата судбина што ги најде јавните претпријатија нивни во овој момент постојано да бидат под блокада и да ги доведеме до работ на социјалата егзистенција. Тоа е првото кое што сакам да го кажам.

Мислам дека навистина со еден ваков упад во процесот на децентрализација ја уназадуваме демократијата во Република Македонија, ги разочаруваме граѓаните на локалната самоуправа кои што имаа голема енергија, голема желба да се спроведе доследно овој процес на децентрализација сметајќи дека на тој начин ќе можат подоследно да си ги остварат своите интереси што ги имаат како граѓани на одредена општина. Впрочем тоа се покажа и со подршката на проектот за децентрализација во Република Македонија од страна на граѓаните. Високата подршка која што ја имаше, меѓутоа мислам дека од ден на ден се повеќе ги разочаруваме овие луѓе, а подоцна во амандманската расправа ќе дадам точно одредени примери зошто сметам дека не правиме ништо добро за процесот на децентрализација и за поголема самостојност на општините се со цел иницијативноста која што доаѓа од страна на граѓаните да може да се имплементира.

Ако на ваков начин со донесување одлуки на центрлно ниво за одредени заеми кои што треба да се земат, или за одредени задолжувања и во земјата и во странство реков дека на тој начин ќе ги селектираме општините и тогаш џабе ќе ни е донесувањето на законот за рамномерен регионален развој, за кој што расправаме овде неколку дена. Исклучиво ќе зависи од политичката волја на владеачката структура, елита која што е во моментот на власт во Република Македонија. Тоа беше една од причинте заради која што рековме дека ќе тргнеме во еден друг процес во Република Македонија, да ги намалиме политизацијата и политиканството кое што постојано се провлекува овие 15 години и на едни или на други локални самоуправи овозможуваме поинаков начин на третирање од страна на централната власт.

Втората работа или забелешка која што е се однесува на членот 5.

Иако беше кажано дека буџетската резерва и досега се користи исклучиво со одлука на Советот, по Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во членот 31 став 1 стои: "Во Буџетот на општинта може да се планира буџетска резерва за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи во износ не поголем од 3% од Буџетот.

Употребата на буџетската резерва ја одобрува градоначалникот на општината".

Ако било поинаку во овој закон мислам дека Министерството ќе ја доставела законската норма или одредбата која што е во моментот, меѓутоа Советот одлучувал досега врз основа на Законот за буџетите кој што е во директна коализија или спротивност со членот 31. Мислам дека во отворањето на оваа измена во Законот за финансирање можело Министерството да ја согледа оваа работа и требало да ја согледа и со такви аргументи да излезе пред Собранието се со цел да имаме квалитетна измена која што ќе биде во функција на подобрувањето на работењето.

И после процесот на децентрализација односно почетокот на фискалната децентрализација мината година оттогаш започнаа да одлучуваат Советите на општините во согласност со Законот за буџетите, член 48 “Службен весник на Република Македонија 64 од 2005”. Така да почитуван заменик министер не е исто предвидено со нормата со Законот за финансирање на локалната самоуправа, туку со друг закон за кој што требаше да ги известите пратениците дека е во директна коализија и да кажете дека на тој начин треба да се направи измена за да се усогласат законските решенија.

Втората дилема која што кај мене се поставува е дали воопшто може да стои норма во која што ќе има ограничување на употребата на буџетската резерва од страна на градоначалникот на општината.

Еве зошто. Со буџетската државна резерва управува министерот до 150 илјади. После таа сума управува Владата на Република Македонија со одлука, меѓутоа се надевам дека господине заменик министер знаете дека Владата на Република Македонија е извршен орган во Република Македонија, не е законодавен. Советот на општината е орган кој што донесува одлуки, пандан на Собранието на Република Македонија. Согласно законските прописи извршувањето на буџетите во општините е исклучиво во ингеренции на оној кој што го извршува Буџетот, градоначалникот на општината. И немате право со било кој закон или со било која норма да вршите измена во законот, ограничувањето да го правиме на градоначалникот на 50 илјади, а да одлучува Советот на општината кој што е орган кој што донесува одлуки. На тој начин јас ги гледам веројатно длабоко причините за измена на овој закон и тоа што голем број од советите на Република Македонија не се од иста политичка провиниенција, или групација како што е градоначалникот и на тој начин сакаме директно не да ги забрзуваме процесите кон развојот на тие општини, туку напротив да ги остваруваме. Заради тоа мислам дека треба да се поразмисли кога се нудат вакви законски проекти, сериозно да се пристапи кон одредена анализа на законски решенија и пропусти кои што ги има во правниот поредок во овој дел и со едни такви издржани измени да се пристапи во Собранието на Република Македонија, а не да правиме измени заради самите измени и да кажуваме дека на овој начин ќе ги подобриме процесите на децентрализација, или пак ќе ја зајакнеме иницијативата на локалните самоуправи ама ќе централизираме се во Владата и на тој начин Владата ќе биде главниот оној кој што ќе ги донесува последните одлуки, а се останато ќе биде подредено на волјата на владеачката гарнитура во Република Македонија. На таков начин не правите услуга ниту на граѓаните, ниту на Владата на Република Македонија. Тоа ќе биде уште еден голем минус кон процесот на децентрализација и за тоа ќе стигнат оценки од страна на оние кои што во моментот не надгледуваат, ама ова го кажуваме за да проработи веројатно малку и совеста да се согледаат одредени слабости кои што ги има, ако треба и да се повлече па да се доработи ова законско решение се со цел да имаме квалитетно законско решение и применливо, а не законско решение кое што ќе одговара на поедници категории на луѓе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе, господине заменик министре, почитувани колеги пратеници.

Накратко ќе дадам коментар околу измените и дополнувањата на овој закон. Начелно веднаш сакам да кажам тој став го изразив и го кажав пред Законодавно правната комисија, сметам дека овие измени треба претставникот на предлагачот да ги повлече од следните причини.

Значи, се јавува дилема зошто сега со овие измени и дополнувања на овој закон се воведува обврска за задолжување на општините за евентуално задолжување на општините да е неопходно мислење на министерот за финансии и секако да има согласност од Владата на Република Македонија.

Кога го донесувавме пакетот за децентрализација кажавме дека ова е наш заеднички проект и кажавме дека сите живо сме заинтересирани за ова да успее. Тогаш рековме дека ние може да донесуваме закони илјадници, како тогаш што го донесовме пакетот од 35 или 38 закони, но колку е децентрализирана власта ќе се гледа во децентрализација на финансирањето на единиците на локалната самоуправа. Сега за мене со овој закон се испраќаат две пораки до граѓаните особено до локалната самоуправа.

Првата порака е ако се има предвид дека пред неколку недели беше поднесен еден друг предлог за изменување и дополнување на овој закон од група пратеници на СДСМ и ЛДП, со кој што баравме да се зголеми процентот од 3% на 4,5% зафаќање од данокот на додадена вредност и персоналниот данок заради тоа што се поголем е јазот на финансиска покриеност на потребите заради реализацијата или остварувањето на новите надлежности на општините во првата фаза. Тогаш не бевме удостоени дури ни со мислење на Владата, овој предлог беше одбиен.

Значи, имајќи го во предвид предлогот што ние го дадовме за изменување и дополнување на овој закон и сегашниот предлог можам слободно да констатирам дека се работи за судир на два концепти во финансирањето или во либерализацијата или во децентрализацијата на изворите за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Едниот концепт кој што го заговараме ние од опозицијата и сме доследни уште со почнување на процесот на децентрализација, а тоа е поголема децентрализација на финансирањето нас единиците на локална самоуправа и оставање

можност субјектите, а тоа е градоначалникот и Советот да ги креираат политиките на локално ниво и со тоа да имаат креативност околу изнаоѓање средства за финансирање, а еден од изворите беше и задолжување внатре во земјата. Јас знам дека и досега за задолжување на единиците на локална самоуправа во странство и во постоечкиот закон потребна беше согласност од Владата врз основа на мислење на министерот за финансии, тоа е разбирливо и нормално, затоа што може целосен дисбаланс да дојде на ниво на целата држава, но не ми е јасно зошто треба да имаме согласнот и мислење и врз основа на мислење на министерот за задолжување во земјата, кога, затоа што сметам дека на овој начин целосно се гуши креативноста на органите, односно на градоначалникот и на Советот во единиците на локалната самоуправа.

Втората порака која за мене ја носи овој закон или овие предлог измени е немојте да се секирате Владата знае се што треба за вас и ви предлага и не треба да се размислува. Значи, Владата предлага закони кои што се однесуваат на, локалната власт е посебна власт, цела власт без да се консултира ставот и мислењето на единиците на заедниците на локалната самоуправа, ЗЕЛС, а претходно онаму каде што имавме заеднички став, а тоа беше претходниот предлог за измени и дополнувања, барањето каде што градоначалниците заедно без оглед од која политичка опција беа, побараа да се зголеми процентот на зафаќање од ДДВ и персоналниот данок, воопшто Владата дури не даде ни мислење по ова нивно барање.

Затоа мислам дека предлагачот треба да си го повлече овој закон, треба да си исконсултира, или да побара мислење за заедниците на единиците на локалната самоуправа и бидејќи се однесува овој закон на нив, бидејќи се однесува овој закон на нивните политики кои што ги спроведуваат, а да се спроведува политики секако треба финансиски конструкции, а овие одредби ги ограничуваат креирањата на ваквите финансиски конструкции, затоа предлагам предлагачот да го повлече овој закон, да го достави до заедниците на локалната самоуправа и по добивањето на нивните мислења, ако навистина тие кажат дека вакви измени им се потребни и ваквите измени позитивно ќе се одразат на процесот на децентрлизација тогаш сите ние овде едногласно ќе ги подржиме овие измени и дополнувања на овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Јас да не одземам многу време, ќе бидам многу краток бидејќи во амандманската расправа ќе го кажам тоа што мислам дека не е исправно.

Овде би сакал да го изразам моето незадоволство и неслагање со овој предлог на закон затоа што, како што рекоа моите претходници нема усогласување со ЗЕЛС и има некои измени со кои што не се согласуваат голем дел од општините односно тоа што го сакаат тие во координација со ЗЕЛС овде го нема.

Пред се јас ќе се повторам само накратко со моите претходни колеги, наместо Владата да размислува за покачување на процентот од данокот на додадена вредност и од персоналнот данок, што е нужна потреба сега за општините, а после намалувањето на данокот на додадена вредност кај одредени земјоделски производи, а тоа значи дека имаме намалување на приходите на општините, затоа што и тие земаат од овој колач, исто така и за персоналниот данок кој е многу мал. Јас пред две три недели реков во мојот горов дека овој персонален данок кој го добиваат општините од државната каса е многу мал, дури толку мал што е смешен, на пример за одредена категорија на работници, а овие работници ги има најмногу во малите општини, некаде 17 до 18 денари по работник.

Со тоа, фактички, се врши дестимулација за проширување на вработувањата и за инврестирање на одредени фирми во овие мали општини, како домашни, така и странски.

Значи, на стартот кажав дека овој Предлог закон нема да го поддржам ако не дојде до измена со предложените амандмани во одредени сфери на овој закон за локална самоуправа. Сега во моментов овде би сакал само два членови од новиот Предлог закон да се задржам, а се однесува на членот 2, каде што и моите колеги дискутираа. Моите колеги не го поддржуваат, исто и јас не го поддржувам, затоа што гаранција од Советот на општината за задолжување на јавното претпријатите придонесува за политички судир во самата општина меѓу јавното претпријатие и општината. Тоа сите ние го знаеме дека одредени општини имаат мнозинство на Советот од една политичка опција, а во Јавното претпријатие директор е од друга политичка опција. Јас знам и сум уверен дека без разлика што секогаш е добро да се даде, да се помогне, а Јавното претпријатие кога е во криза, а знаеме дека сите јавни претпријатија во Македонија секогаш имаат недостаток на средства, во случајот може да дојде, без разлика колку е претпријатието во лоша состајба ако советниците не го поддржуваат или не е од нивната политичка опција, нема да се соглассат да одобрат средства или да дадат гаранција за задолжување на претпријатијата.

Исто така, накратко би го прокоментирал и членот 7, а во стариот закон мислам дека е член 50, околу ова кшто новото решение со кое се вели дека по исклучок од став 1 од овој член, Владата на Република Македонија може да даде согласност за задолжување за финансирање на капиталните инвестиции на општината по претходно добиено позитивно мислење од страна на Министерството за финансии. Змачи и овде е нешто слично како што реков пред малку за општините, меѓу општината или советниците и Јавното претпријатие, а овде веќе се работи за повисокот ниво, каде што можат да бидат

финансирани или потпомогнати општини исто така од Министерството за финансии, таму каде што има градоначалници или директори во јавните претпријатија од сегашната власт или сегашната позиција. За тоа повеќе зборуваше Оливер Спасовски, а јас не би сакал да продолжам, па еве толку, само реков накратно и после во амандманската расправа ќе се јавам. Сега, како што е овој предлог закон, јас не би го поддржал ако дојде до одредени измени или ако се прифатат одреден број на амандмани кои ќе го сменат текстот на овој предлог закон, ќе видам на крајот како ќе биде и ќе гласам според тоа како ќе биде. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас,

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците кои што не се во салата на своите места, да влезат во салата и да ги заземат своите места, затоа што ќе пристапиме кон гласање.

Уште еднаш ги повикувам пратениците дда влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Сега во салата има 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локална самоурпава. Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници во салата, гласале 57 за, а за гласале 50, воздржано еден, против 6.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

При состојба од 61 присутен пратеник во салата за гласале 53 пратеници, воздржано еден, против шест.

Констатира дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 6 за бришење на член 7, член 9 став 2, алинеја 2, за менување на став 3 и на став 4 и за додавање нов член 9-а по членот 9.

Пратениците Славица Грковска и Јани Макрадули поднесоа амандаман на член 9 став 1 за бришење на алниеја 6 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули, Оливер Спасовски и Борис Кондарко, Никола Поповски, Марјанчо Николов, Славица Грковска и Тале Герамитчиоски поднесоа амандмани за внесување нов член 1 по насловот на Предлогот на зкаонот и на член 1 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ацо Киров и Марјанчо Николов поднесоа амандмани на член 2 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 4 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Марјанчо Николов, Ацо Киров, Благородна Цветковска, Влатко Серафимов и Никола Рилковски поднесоа амандмани на член 1 став 1, член 3 за бришење на став 4, член 5 став 4, член 7 став 1 алинеја 2 и на член 7 за бришење на став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Николоа Ќуркчиев и Весна Бендевска поднесоа амандмани за бришење на член 2, за бришење на член 3, за бришење на член 4, за вришење на член 5 и за менување на член 6 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Бендевска, Кире Гештаковски и Никола Ќуркчиев поднесоа амандман на член 1 за додавање нов став 3 по ставот 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 1 по насловот на Предлогот на законот поднесен од пратениците Јани Макрадули, Оливер Спасовски, Борис Кондарко, Никола Поповски, Марјанчо Николов, Славица Грковска и Тале Герамитчиоски под архивски број 07-765/3.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван заменик министре,

Морам на почетокот да изразам задоволство, барем од тоа што добивме мислење по однос на вака предложениот амандман, затоа што минатиот пат кога предложивме Предлог за измена на законот Владата не го удостои Парламентот ниту да даде мислење по однос на тој закон, со тоа веројатно мислеше дека ќе се задскрие пред граѓните на Република Македонија,посебно пред граѓаните односно локалните самоуправа да има јасен став околу тоа дали е за во единиците во локаланта самоуправа да се слеваат поголеми финансиски средства, со што директно да биде потпомогнат процесот на децентрализација, што реков дека во дадениот момент е во застој или назадува, што не е само импресија на пратениците од опозицијата, туку импресија на луѓето кои го следа овој процес во Република Македонија, како напредува Република Македонија . Впрочем, тие ги дадоа сопствените оценки, а верувам дека ќе имаме и нови извештаи на Европската комисија. Ако продолжиме вака ќе имаме извештаи што нема да ни се допаѓаат. Наместо сега искрено да разговараме за потребата од законот, суштински, онака како што е барањето на граѓаните и единиците на локалната самоуправа, ние ќе

разговараме за тоа зошто извештајот е лош, зошто немаме позитивни оценки, зошто Република Македонија не напредува понатаму. А, одговорите на сите тие прашања ги добиваме токму на ваквите седници.

(џагор во салата)

Зошто го предложивме овој амандман?

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам малку потивко.

**Оливер Спасовски:** Како и минатиот пат предлагаме од сегашните 3% кои се процент од персоналниот данок на општините да биде зголемен на 4,5% заради тоа што претстои период во кој треба да има целосна фискална децентрализација во Република Македонија. На тој начин да профункционираат до крај единиците на локалната самоуправа во вистинска смисла на зборот децентрализација, до крај да се исполнат заложбите на централната власт дека ќе биде спроведен ревносно овој систем на децентрализација и до крај да ги исполниме намерите на граѓаните на Република Македонија дека конечно со процесот на децентрализацијата нивната иницијативност, инвентивност и предлози ќе доаѓаат на вистинското место и ќе можат на тој начин да си ги решаваат нивните проблеми.

Меѓутоа, гледаме дека Владата не го прифаќа овој амандман, веројатно очекував дека ќе има малку поголема елаборација зошто не се прифаќа овој амандман, дали Владата смета дека има доволно средства во буџетите на локалните самоуправи и да ја спроведе оваа фискална децентрализација, меѓутоа, таков одговор немаме, очекував и очекувам од пратениците од парламентарното мнозинство да го поддржат овој амандман за да ги зголемиме финансиските сревства во единиците на локалната самоуправа која гледаме по сите параметри дека е на прагот на егзистенцијата на локалните самоуправи по разни основи дали е тоа преку делувањето, работењето на јавните претпријатија дури и на општинската администрација, во голем дел на локални самоуправи е доведено во прашање и на тој начин директно да ја засегнеме фискалната децентрализација и комплетно преоѓање на финансирањето од страна на локалната самоуправа на оние институции кои што ги презема основачките права на општината.

Мислам дека пратениците треба да искажат малку поголемо разбирање и на тој начин да најдат оправдувања или да имаме аргументи како Парламент и за некои други законски решенија што се дури точки на дневен ред и на оваа седница. Постојано, посебно во делот на образованието имаме измени на закони со еден член, со што го менуваме рокот за примена на тој закон, со образложение дека локалните самоуправи не се доволно подготвени или не се финансиски моќни да го спроведат овој закон. Впрочем, таков е и Законот за ученичкиот стандар. Баш би сакал да го слушнам мислењето на претставникот на Владата, не по овој закон, туку по Законот за ученички стандард, која е основната причина заради што се одлага примената на тој закон.

Основната причина е немањето финансиски средства и доведување во поголеми загуби, дубијози на единиците на локалната самоуправа.

Од тие причини сметаме дкеа треба да се зголеми зафатот од персоналниот данок на општините. Затоа ги повикувам пратениците на парламентарното мнозинство да го пдоржиме овој амандман и со тоа да покажеме дека, барем Парламентот на Република Македонија е да продолжи овој процес на децентрализација, како што го започнавме и конечно да приближиме нешто напред за да можеме да очекуваме и некоја позитивна оценка за ова. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма и јас.

Господин Димовски Илија реплика, ваши три минути, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван претседателе, јас би сакал да реплицирам во делот на спојувањето на двете теми, што нависитна немаат допирни точки една со друга. Тоа е втората фаза на финансиската децентрализација на единиците на локалната самоуправа и зголемвуање на зафатот било на ДДВ, било на персоналниот данок од 3 на 4,5%. Апсолутно, сакам да ја негирам таквата поврзаност. Станува збор за сосема различни работи. Јас би потенцирал дека од две причини не треба да се прифати овој амандман.

Прват причина е тоа што треба да се стимулираат единиците на локалната самоуправа многу подомаќински да ги трошат средствата, меѓутоа и многу подомаќински да ги прибираат средствата што ги имаат како изворни приходи: даноци на имот, даноци на наследство и подарок, данокот на промет на недвижности, комуналните такси, надоместокот за уредување на градежно земјиште, надоместоци од комунални дејности, надоместоци за просторни и урбанистички планови и т.н. и т.н.

Втора работа е што, според сите проекции за оваа година и онака ќе се зголеми зафатот од ДДВ по основ на проекцијата дека ДДВ оваа година се очекува да биде собрано за 11% од она што беше во 2006 година. Значи, општините, по основ на приходи од ДДВ автоматски ќе добијат 11% повеќе од она што го добиле во 2006 година. Така што уште еднаш ќе потенцирам, спојувањето на двете работи, фискалната децентализација и зголемвуањето на зафатот од ДДВ или персонален данок, се многу различни работи. Не би сакал да бидат спојувани во една работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Оливер Спасовски, вашата контра реплика, една минута, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарма почитуван претседателе.

Колега Димовски,

Тоа што не можете да ја видите врската помеѓу ова што ние го предлагаме и процесот на фискална децентрализација, тука навистина не

можам ниту јас, ниту пратениците од СДСМ да ви помогнат. Тоа е начин на перцепција што го имате, па дури и одредени познавања во овој дел.

Тоа 3,5% што кажувате дека е од ДДВ, е за минатата година, а не за оваа година предвидено. Само, навистина, би сакал да ги добијам одговорите зошто се одложуваат одредени закони што беа, односно нивната примена требаше да започне сега, како што е Законот за ученички стандард. Ако ми одговорите дека е заради други причини, а не заради финансиски и во какви финансиски дубиози се локалните самоуправи, тогаш мислам дека ќе ви стане јасно зошто предлагаме поголема сума на пари во општините. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма и јас.

Збор има господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Како предлагач на амандманот, би сакал исто така да образложам кои се мотивите да се поднесе истиот амандман.

Со амандманот се бара да се зголеми делот од ДДВ што се издвојува за финансирање на единиците на локалната самоуправа од постојните 3% на 4.5%. Ние, претходно, како пратеничка група, веќе имавме поднесено и закон во врска со овој проблем, во кој што се бараше зафатот да се зголеми од 3 на 4%. И тогаш, Владата ниту даде мислење по однос на предложениот закон, а и сега не се понуди никаква аргументација зошто овој амандман не се прифаќа или кои се причините поради кои што Владата не сеака да гоприфати амандманот. Туку едноставно со се прифаќа или не се прифаќа, се одбива амандманот или амандманот се става на јавна расправа.

Мислам деак Владата, не само на Парламентот, туку во скоро време, како се приближува и втората фаза од процесот на децентрализација, ќе мора и на јавноста да објасни кои се нејзините намери, кој е нејзиниот концепт, како понатаму ќе се развива локалната самоуправа.

Вака, само со едноставно одбивање на амандманот, без нудење на никаква аргументација зошто се прави тоа, мислам дека ние сме хендикепирани и не можеме да развиеме дебата во однос на тоа кои се нашите позитивни ставови и кои се ставовите на Владата.

Затоа, ако општата атмосфера во Парламентот можеби не дозволува да се развие расправа за едно вакво суштинско прашање, во кое што зависи не само натамошниот живот на општините, туку во голем дел зависи и интеграцијата на Република Македонија во Европската унија.

Бидејки Владата не даде никакви образложенија зошто го одби овој амандман би сакала само да кажам дека досегашната пракса од спроведувањето на првата фаза од процесот на децентрализација покажа дека предвидените финансиски средства во делот на зафаќањето од ДДВ од 3%, дека не се доволни. Дека општините имаат голем број на проблеми или голем број надлежности што ги добија, а што не можат сега да ги финансираат, затоа што немаат доволно финансиски средства. Наследија состојби во образованието, во кое што долги години немало никакви капитални инвестиции. Имаме училишта каде што стандардите за изведување на настава се далеку под основите што треба да ги има, за да може да се влезе во тоа училиште, а не да зборуваме да се одвива настава, согласно некои критериуми.

Исто така, во рамките на социјалната заштита, има голем број надлежности во делот на отворање на дневни центри за посебни категории на лица. Сега, тоа се префрли во делот на локалната самоуправа, нема финансиски средства, општината нема можности од каде да ги најде, бидејки се работи за големи финансиски средства.

Она што го заговараат колегите дека можеби требало поажурно или поквалитетно да ги собираат давачките, јас не се согласувам со тоа. Секој градоначалник ќе настојува максимално да ги оствари прибирањето на даноците што се во надлежност на локалната самоуправа. Тие даноци, освен данокот на имот, другите два даноци не можете да ги планирате. Не можете да знаете колку ќе има промет на недвижности и права во текот на наредната година. Не можете да знаете колку ќе има данок на наследство и подарок.

Мислам дека општините се ставени во една независна ситуација. За тоа секој ден читаме по весниците, особено сега во зимскиот период дека немало нафта, немало греење, некаде има долг во однос на електричната енергија и т.н. Мислам дека ова е еден чекор како да почнат општините, не само да размислуваат како да преживеат, туку и како да почнат да се развиваат понатаму.

Не ми е јасна аргументацијата на Владата, односно никаквата аргументација зошто се одбива ова, кој е нивниот концепт понатаму, како да се развива локалната самоуправа. Дали да чекаат праксата да покаже дека ова не оди, па после со интервентни мерки, кога веќе ќе биде доцна да се решаваат прашањата? Не е добра таквата ситуација кога не се даваат аргументи во Парламентот.

Со овој амандман се предлага зафаќањата во делот на ДДВ да се зголемат за 1,5%, што во финансиски средства, ако се земе висината на собраниот данок во претходната година е некаде од 400-450 милиони денари што би се пренамениле за фианнсирање на единиците на локалната самоуправа, согласно критериумите утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Мислам дека и колегите пратеници треба добро да размислат како ќе гласаат по однос на ова прашање и во најмала рака истото да го подржат.

Затоа, би замолил да отвориме дебата, да ги соочиме ставовите, да видиме каде е прашањето и до каде е процесот на децентрализација, колку општините можат да се носат со овие проблеми и

Владата да понуди решение. Вака, не сатава во една ситуација во која што не можеме квалитетно да дебатираме за едно суштинско прашање во Република Македонија.

Затоа ги повикувам колегите пратеници да го подржат амандманот и да овозможат процесот далеку поедноставно, далеку поефикасно да се одвива и во интерес на граѓаните, но и во интерес на Република Македонија, особено во однос на нивното приближување кон Европската унија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Деркоски Оливер, репликаод три минути, повелете.

**Оливер Деркоски:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да му реплицирам на колегата во делот на неговото излагање, каде што создаде едно мислење дека ние, како позиција или Владата како предлагач е против процесот на децентрализација на валста, што не е точно. Меѓутоа, треба сите да сватиме дека треба тој процес да го правимеквалитетно, односно да се одвива многу квалитетно.

Во таа насока би му реплицирал на начин што би кажал дека тој процес на фискална децентрализација почна малку подоцна од законските рамки што се изградија во текот на 2004 и 2005 година. Општините имаа задолжение да изградат капацитет на финансиска администрација што ќе ги прибира приходите. Тоа се ставовите и на, претходно и Илија Димовски кажа дека немаат капацитет доволен општините да ги собираат своите извони приходи за да можеме да направиме една правилна анализа и да изградиме еден вистински став. Можеби процентот од 4,5% ќе биде мал, можеби ќе треба и 5% и 6%, меѓутоа мислам дека не е вистинското време да се оди со зголемување на процентот на ДДВ, персонален данок и т.н.

Инаку, да кажам еден пластичен пример на колегата. Согласно Методологијата за распределба на средствата од ДДВ на општините, сега, на пример, општина Прилеп добива по 2 милиона и 300 или 400 илјади денари месечно,пари што воглавном ги задоволуваат потребите на вработените во администрацијата на општината да добиваат плата. Тоа доведува до една ситуација понатамошниот ангажман на општинската администрација да не е толку голем, односно да не се грижат за собирање на средствата од своите изворни приходи.

Сакам да кажам дека во оваа ситуација би било пожелно да инсистираме на зголемување на капацитетот на општинската администрација едноставно, да ги натераме општинските административци да си ја бркаат работата, да си ја завршат, да ги прибираат приходите, изворните приходи за да може да се направи една вистинска анализа колку во натамошнио тпериод ќе им бидат потребни средства. Дали ќе им треба зголемвуање или не во оваа насока. Благодарам.

**Басим Догани:** Ви благодарам.

Контра репликаод една минута има пратеник Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Прво, колега, не можете да ги навредувате локалните административци дека не си ја вршат работата. Јас,одговорно ви тврдам дека во најголем број на случаеви општинит еи кадровски се екипираа, односно формираа одделенија или сектори за фианнсиско работење, во кои што сериозно си ја вршат работата да ги приберат давачките.

Во однос на анализата што велите да се достави, го кажав истото и јас. Нека достави Владата анализа, нека отвориме дебата дали се доволни или не се доволни средствата.

А сега, во однос на тоа дека ние дискутираме дека е потребно да се зголеми, вие велите треба анализа. Дајте ја анализата, дајте да разговараме и потоа да донесеме заклучоци. Но, нема ниту анализа, нема ниту мислење, нема ниту идеа или понуден концепт од Владат акако понатаму. Затоа велиме дека ова прашање треба да се отвори.

**Бесим Догани:** Благодарам господиен Марјанчо.

Има збор господин пратеник Ацо Киров, повелте.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министре,

Пред малку реков дека повеќе ќе дискутирам околу амандманите и токму за овој амандман би сакал најмногу да кажам од причини што овој амандман беше за процентот да се зголеми од 3 на 4,5% за финансирање на локалната самоуправа. За тоа зборувавме пред 3-4 недели.

Моето тогашно кажување, а и денеска тоа ќе го повторам дека овие 3% што се сега како средства што ги добива општината од централната власт од собраниот ДДВ според мене е малку и според моите колеги од опозицијата, од причини што имаме намалување на ДДВ кај одредени земјоделски производи. Знам дека претставникот на Владата можеби ќе каже, тоа го кажа и колегата Илија Димовски дека во 2007 година во однос на 2006 година Владата планира зголемување на собирање на овие даноци за 11% повеќе вооднос на претходната година. Или, тоа во апсолутни бројки би изнесувало, во 2006 година по овој основ се собрани 28.364.000.000 денари, а за оваа година се планирани околу 30.460.000.000 денари. Овие бројки покажуваат дека имаме зголемвуање за 11% по основ на собирање на ДДВ.

Искрен да бидам, ако се оствари тоа, добро е и нормално е општините да имаат зголемување на ДДВ во однос на 2006 година. Но, почитувани колеги пратеници, околу тоа сум малку скептик, од причини што, да се зголеми собирањето на ДДВ во 2007 вооднос на 2006 година ќе ни требаат нови вработувања, ќе треба зголемвуање на инвестициите, доаѓање на странски инвеститори, домашни инвеститори и т.н. Најверојатно, мислам дека беше кажано и во Буџетот дека токму тука Владата се концентрира. Тогаш беше кажано во

декември дека токму по основ на овие зголемени инвестиции, како домашни така и странски, во Македонија ќе дојде на зголемување на овој процент од 11% во однос на 2006 година.

Јас давам подршка на Владата околу тоа. Дај Боже овој процент што го планир аид а го оствари. Во тој случај сите ние ќе добиеме како општини, бидејки сите доаѓаме од некоја општина и во тој случај сите ќе бидеме задоволни.

Но, бидејки поминаа околу 6-7 месеци од доаѓањето на новата Влада инвестиции, барем сега-засега факт е дека во Македонија нема. Мислам дека и јас самиот се сомневам дека овој процент од 11% ќе биде зголемен. Тоа е околу тоа.

Друго, би сакал нешто малку да кажам, со колегата Илија Димовски минатиот пат малку дискутиравме околу тоа. Денеска спомна, и колегата што реплицираше Деркоски на колегата Марјанчо, дека општинската администрација треба повеќе да се ангажира да се стимулира и т.н., за да дојде до прибирање на изворните приходи на општината.

Од искуство ќе кажам, можеби доаѓам од мала општина, но општина која со 1 јули 2005 година кога се децентализираше, во рок од 5-6 месеци ги формираше сите служби околу работите кои треба да ги извршува, околу овие изворни приходи кои треба да се соберат во општината, но, почитувани колеги пратеници, тоа оди многу тешко во општините. Народот кај нас има некоја навика од претходниот период кога голем дел од овие изворни приходи, можеби 80% требаше да ги прибира централната власт, тогаш Управата за јавни приходи како институција преку која одеше собирањето на овие приходи, слободно можам да кажам дека слабо ја гледаше работата околу овие средства и народот на еден начин години и години не плаќаше, а конкретно ќе го спомнам данокот од имот.

Јас сум уверен, а и сите знаете дека данок од имот во последните 10-15 години нема никој платено освен оној кој имал потреба да купи нешто, да продаде нешто, тогаш мора да ги измири давачките кон државата, тогаш државата доаѓаше до одредени средства. Тоа, за жал, денеска се случува во општините. Граѓаните на било која општина ако немаат некоја потреба од префрлање на имот, од купување на имот, кола итн, особено зборувам за данокот од имот, не го плаќаа.

Друго што би сакал да кажам, ингеренциите на општината се многу поголеми и како што оди тешко собирањето на овие изворни приходи во самата општина, а ингеренциите или потребата од вработувања или вработувањата кои се веќе извршени се се поголеми, нормално и трошоците се поголеми и помалку останува за инвестирање во самата општина, а не е работа само, како што кажа еден од моите колеги, ако си ги плаќаат давачките односно данокот на додадена вредност со тоа се покриваат личните доходи на општината. Не е само да се покријат личните доходи на оние кои работат во општината да добиваат готови пари од државата, да земат плата и готово. Целта е и во општината да се инвестира, да се прават патишта, училишта итн.

Зборот ми е, не е целта само данокот на додадена вредност да ги покрие платите на било која општина. Ако е така, искрено да ви кажам, во 80 и некоја општина во Македонија можеби само 10 до 15 нема да можат да функционираат на овој начин. Инаку, околу 60 општини, зборувам за личен доход, за работниците во општините никогаш нема да има проблем.

Но, како што реков, потребата е да се вложи во општината за развивање на самата општина.

Еве, од овие причини, јас и минатиот пат кога зборував, мислам дека овие 3% треба да се зголемат, дури барањето на сите општинари, градоначалници и луѓе вработени во општината дека и овој процент од 4,5% е мал, тие некаде алудираат на 5%, но ете ние и минатиот пат и сега со овој амандман предлагаме 4,5% и мислам дека сите ќе придонесеме за подобро на нашите општини од каде доаѓаме ако овој процент го зголемиме од 3 на 4,5%. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Има збор пратеникот Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Јас сакам пред вас и со вас да споделам една дилема, а тоа е зошто Владата сосема свесно крши еден системски закон, каков што е Законот за локална самоуправа, каде децидно, конкретно и јасно во членот 80 Владата е обврзана на соработка со општините, односно со Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија како нивен официјален претставник.

Членот 80 ја обврзува Владата да соработува со општините за прашања од нивен интерес, особено на законите кои се однесуваат на нив и изворите на финансирање на надлежностите и износот на општата дотација што треба да им се додели во тековната календарска година.

Почитувани колеги, ставот 2 вели, за соработката помеѓу Владата и општините се изготвува извештај во кој точно стои по кои прашања Владата се произнела позитивно, а по кои не и се разбира, се дава објаснување зошто Владата не прифаќа некој предлог од општините.

Ставот 3 вели, со законот што се однесува до прашањата за кои е постигната или не соработка помеѓу Владата и општините, до Собранието на Република Македонија се приложува и извештајот од овој член.

Господине потпретседателе, дали можете да одговорите каде е извештајот со кој Владата објаснува зошто, кога го донела Предлогот за измена и дополнување на законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа не образложила зошто не го прифаќа мислењето од Заедницата на единиците на

локалната самоуправа . Во рака го држам мислењето на Заедницата на единиците на локалната самоуправа упатено до Министерството за финансии во октомври 2006 година. Дали значи дека поттикнуваме незаконска работа на ова Собрание? Јас навистина барам одговор и, доколку постои таков документ, зошто не сте се обиделе да го доставите до нас како пратеници. Бидејќи нема друг логичен одговор освен тоа дека оваа Влада нема намера да продолжи со процесот на децентрализацијата, оваа Влада има намера само декларативно да зборува дека ќе продолжи квалитетно да го развива процесот на децентрализацијата односно оваа Влада намерава на општините да им натовари додатни обврски во форма на надлежност, но нема намера и фискално да ги децентрализира односно да им обезбеди средства со кои општините ќе можат и законски да ги одработат тие надлежности.

Заедницата на единиците на локалната самоуправа  достави мислење до Владата во однос на овој Предлог закон за измена и дополнување. Тие сметаат дека прашањето за зголемување на процентот од остварените приходи по основ на ДДВ како изворен приход на општините, претставува една од стратешките цели на Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Владата по ова нема мислење? Владата која работи минимум по 15 часа на ден немала време да ни достави сопствено мислење околу ова барање на Заедницата на единиците на локалната самоуправа?

Ваквата положба на Заедницата на единиците на локалната самоуправа е во насока на обезбедување услови за непречено остварување на надлежностите и обезбедување на финансиски предуслови за функционална реализација на процесот на децентрализација за кој сите ние се изјаснивме дека го поддржуваме и ќе го развиваме.

Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа предвидено е дека 3% од вкупно остварените приходи на ниво на Република Македонија, согласно Уредбата за методологијата за распределба на приходите на ДДВ по општини ќе им се распределува по 3%. Ние бараме овој процент, по барање на Заедницата на единиците на локалната самоуправа да се зголеми на 4,5%. Овој изворен приход е наменет, пред се, за остварување на тековните функции во општините во Македонија, а замислен е како приход за остварување, за реализација, за успешна реализација на процесот на децентрализацијата. Затоа е огромно значењето за развојот на системот на  локалната самоуправа да може да ги остварува законските надлежности од своја страна.

Како дополнителна потреба од зголемувањето на процентот на ДДВ наменет за општините, претставува и пренесувањето на огромен број на вработени под Министерството за финансии , Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски и Управата за јавни приходи. Значи, Владата им ги натовари овие вработени, но не им обезбеди доволно средства за да обезбеди преземените вработени во целост да им ги обезбеди законските плати и надоместоци. Со тоа им се натовари товар кој општините во овој момент многу тешко го поднесуваат.

Дали Владата има намера да ги доведе единиците на локалната самоуправа во независна состојба од материјална страна, а знаете како е народната, најлесно се контролира оној што е клекнат на колено. Најлесно може да се контролира оној кој не може да си ги остварува своите права и обврски. За жал, тоа не е ниту смислата ниту улогата на процесот на децентрализација која и минатиот пат реков, започна и ниедна влада не може да го оспори, може да го закочи, може да го запре, но нема да се откажеме од процесот на децентрализацијата, бидејќи е во духот на европските вредности, во духот на модерните европски општества.

Инаку, за ваш податок, од вкупно прибраните средства по основ на ДДВ во Република Македонија  кој изнесува 25 милијарди денари, само 855 милиони денари се одвојуваат во корист на општините. Владата мисли дека располага со сопствени средства, па во чин  на милост им ги распределува по општините? Не почитувани колеги. Владата располага со средствата кои ги прибрала од граѓаните, кои живеат во тие општини. Владата не може да се поставува како тело над интересите на граѓаните на Република Македонија. Тоа се нивни пари. Тие пари треба да ги делегирате назад до граѓаните во општините каде што живеат, за да можат да си ги остваруваат своите права и обврски.

Согласно Предлог-законот средствата кои би се распределиле на општините би изнесувале 1,25 милијарди денари што би претставувало навистина незначително намалување на средствата кои ќе останат во корист на централните институции додека би значело огромна помош за единиците на локалната самоуправа.

На пример, општина Струмица истакнуваат во Заедницата на единиците на локалната самоуправа има проектирано остварување за 2007 година во износ од 20.500.000 денари и доколку би се зголемил процентот во општина Струмица назад би се вратиле околу 24 милиони денари, а тоа за општината би значело многу.

Конечно, зголемувањето на процентот на ДДВ за општините би значело значително подобрување на состојбата на сиромашните рурални општини односно фактот дека најзначајниот извор на средства за надомест на нивното тековно функционирање доаѓа токму зафаќањето што централната власт го делегира по основ на зафаќањето од ДДВ.

Ова дотолку повеќе што незначително мал е износот на средства кои се остваруваат по основ на персоналниот данок на доход или на другите даноци.

Заедницата на единиците на локалната самоуправа смета дека на овој начин со зголемувањето на процентот од ДДВ би се отворила можност за подобрување на функционирањето на руралните општини кои се навистина во незавидна состојба.

Почитувани колеги од владеачкото мнозинство, апелирам до вас, цврсто сум убедена дека имате и волја и капацитет да гласате во корист на граѓаните од општините од каде што доаѓате, каде што живеат вашите семејства, општините кои треба да ги разбираме, општините на кои треба да им дадеме можност да одлучуваат на локално ниво, општините кои треба да се подостапни, поотворени и да имаат можност да им обезбедат подобри услови за живот на граѓаните.

Бидете убедени дека треба токму на нив да мислите во моментот кога ќе гласате по основ на овој амандман.

Во овој амандман немојте да барате политика. Овој амандман немојте да го гледате како опозиционен, гледајте го како амандман во корист на граѓаните. Верувајте, ова не е флоскула. Убедена сум дека го мислите истото. Убедена сум дека би гласале за овој амандман. Во Заедницата на единиците на локалната самоуправа членуваат, ги претставуваат градоначалниците од сите општини, без оглед од која политичка опција припаѓаат и застанале зад ова мислење и зад ова барање.

Токму затоа ве повикувам барем еднаш да покажеме дека овој состав на Собранието на Република Македонија може, знае, умее,има капацитет да гласа во корист на граѓаните, а не во корист на мислењата и барањето на Владата на Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика на говорот на госпоѓа Бендевска има заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам потпретседателе.

Ова би било едно објаснување како за пратениците од опозицијата, така и за пратениците од позицијата. Треба да се знае дека со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е предвидена комисија, точниот назив е Комисија за следење на развој на системот за финансирање на општините.

Составот на таа Комисија е 9 члена. 4 члена се од министерства, значи од Министерството за финансии, Министерството за образование и наука ,Министерството за локална самоуправа и Министерството за труд и социјална политика, а 5 члена се предложени од Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Членовите на оваа Комисија која почнала да работи веднаш по донесувањето на Законот од 2005 година до ден денес не е променет со исклучок на еден член предложен од Министерството за образование и наука кој повеќе не е член на Комисијата од причина што го напуштил Министерството.

Од Заедницата на единиците на локалната самоуправа во оваа Комисија членуваат од општина Кочани градоначалникот, Велес, Кисела Вода, Брвеница и Прилеп. Значи, опфатени се градоначалници од различни политички партии.

На ден 22.01.2007 година се состанала оваа Комисија, затоа што тоа и е обврска, и го разгледала овој Предлог за изменување што денеска е пред вас. Дава позитивно мислење по Предлогот и тоа едногласно, и тоа сите градоначалници, ќе повторам, Кочани, Велес, Кисела Вода, Брвеница и Прилеп. Претставници на Заедницата на единиците на локалната самоуправа во оваа Комисија едногласно ги прифатиле овие промени. Без согласност на таа Комисија овие измени не може да одат на Влада и не би биле стигнати до Парламентот.

Затоа би ве молел, еве како информација да знаете, дека претставниците на Заедницата на единиците на локалната самоуправа кои се членови на оваа Комисија дале поддршка на овие измени. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Контра реплика од една минута има пратеникот Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Па, каде е тогаш мислењето од одржаниот состанок почитуван заменик министер? Токму тоа го барам.

Меѓутоа, се обидовте да дефокусирате. Вие зборувате за Предлог законот за измени и дополнувања донесен од страна на Владата, јас говорам по овој амандман.

Во врска со овој амандман односно зголемувањето на процентот од 3 на 4,5% еве го барањето и мислењето на Заедницата на единиците на локалната самоуправа. Еве го, го држам во раце, ниту има мислење, ниту сте се произнеле, ниту намеравате да го вклучите како составен дел Предлог-законот за измени и дополнувања.

Значи, не ви врви, не ви држи вода објаснувањето. Говориме за различни работи, не говориме за заеми за општините кои вие ги нудите, говориме за зголемување на зафаќањето на процентот на ДДВ кон општините. Имајте доблест да одговорите зошто е неприфатливо за оваа Влада тоа. Ова е втор пат на кој на ист начин се обидувате да бараме одговори од Владата.

**Бесим Догани:** Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Ви благодарам, сосема накратко,

Измените на Законот кај нас се отпочнати, Министерството започнало да ги работи во декември месец. Мислењето кое почитуваниот пратеник го има е од октомври месец, што значи можеби е мислење по некој нивен предлог кој претходно бил обезбеден, но ние оваа процедура ја имаме отпочнато во декември, така што и мене не ми е јасно како мислење од октомври би било

по основ на нешто што е отпочнато во декември месец. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За реплика се јавија Весна Бендевска, Оливер Спасовски и Марјанчо Николов, а потоа Илија Димовски за реплика на Бендевска, но бидејќи имаме само уште две минути време до паузата за ручек,а репликата е најмалку 3 минути, така што продолжуваме во 15,00 часот, благодарам.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,06 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места за да продолжиме со седницата.

Го молам претставникот на Владата да влезе во салата за да може да продолжиме со седницата.

(Претставникот на Владата влегува во салата)

За реплика на господинот заменик министер се јави пратеникот Весна Бендевска, која е отсутна.

Пратеникот Илија Димовски се јави за реплика на говорот на пратеникот Весна Бендевска, но и тој не е присутен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места, а службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум)

Ги молам уште еднаш службите да ми достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата има доволен број присутни пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 12, воздржани нема, против гласале 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 1 по насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Оливер Спасовски, Борис Кондарко, Никола Поповски, Марјанчо Николов, Славица Грковска и Тале Герамитчиоски под архивски број 07-765/4.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Се извинувам, процедурално, има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Би сакал да побарам во името на пратеничката група на СДСМ денес да работиме до 16,30 часот заради обврски на пратеничката група што ги имаме од 17,00 часот.

**Бесим Догани:** Во ред, ќе го уважам ова ваше барање и денес ќе работиме до 16,30 часот.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Оливер Спасовски. Повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани пратеници,

Уште еден амандман поднесен од група пратеници од СДСМ, сличен на амандманот кој што беше пред малку на гласање, само сега се однесува на стапката на персоналниот данок, повторно без никакво образложение да се даде во однос на тоа кои се аргументите за да се одбие овој амандман Владата не го прифаќа. Меѓутоа, тоа не е ништо ново, тоа е веројатно манир на работа на оваа Влада да не придонесе ништо во функција на подобрување на процесот на децентрализација, заради кој поднесовме, како што нагласив во претходниот говор, и Предлог за измени на закон, па и сега во однос на овие амандмани, разликата е само што овде мораше да се каже јавно мислењето.

И по претходниот амандман кажавме дека ако сакаме до крај да го спроведеме овој процес, ако сакаме да зајакне локалната самоуправа во Република Македонија, за да биде способна да ги оствари интересите на граѓаните на Република Македонија кои многу очекуваа од овој процес на децентрализација, врз основа на барањата кои беа доставени од ЗЕЛС, аргументирани барања и поткрепени со бројки и податоци кои укажуваат на потребата од зголемување на финансиските средства, побаравме процентот на средства од персоналниот данок на општините од сегашните 3% да се зголеми на 4,5%. Аргумент повеќе за оваа работа е што со воведувањето на така наречен рамен данок во Република Македонија вкупната маса ...

**Бесим Догани:** Ќе ве молам, да се сослушаме, ве молам за малку повеќе мир и тишина за да можеме да го ислушаме господинот Спасовски. Повелете.

**Оливер Спасовски:** Ви благодарам потпретседателе.

Очекувам дека барем малку ќе имаме доблест и срам да се сослушаме ако ништо друго.

Реков со воведувањето на така наречениот рамен данок во Република Македонија од вкупната маса има намалување на средствата, а тоа значи има и намалување на средствата кои се издвојуваат за единиците на локалната самоуправа и со тоа уште еднаш дополнително ја отежнуваме финансиската состојба на општините во Република Македонија. Аргументи кои и претходно беа кажани дека постојат одредени мислења и ставови од ЗЕЛС, на комисии итн, тие мислења и ставови требаше да бидат

презентирани пред Собранието на Република Македонија како аргументи заради кои што не треба да биде присутен овој амандман. Меѓутоа, одбивањето амандмани без никакви податоци и аргументи укажува дека само се бара алиби во одредени одлуки, кои се донесени од комисии или воопшто нема донесени такви мислења.

И второта работа дека општините немале доволно средства заради тоа што имаат администрација која не е способна да ги собере сопствените приходи и заради тоа се соочуваат со мал број финансиски средства.

Ќе изнесам податоци во однос на две општини во Република Македонија и од тука ќе се види дека има општини кои имаат капацитет, меѓутоа, имаат и од каде да соберат даноци, додека има општини кои најголем дел, како впрочем и во сите општини, е процент на одделување од данокот на додадена вредност и персоналниот данок. Тоа се сигурните извори на приходи во општинските буџети. Сите други даноци не се директни, туку зависи дали во тој момент во таа општина има трансакции и други давачки кои треба да бидат уплатени од граѓаните.

Општината Куманово 2006 година има извршување на Буџетот од 82%, што секако е една од причините воопшто лошата економска состојба во Република Македонија што директно влијае и на стандардот на граѓаните, па проектираните средства кои се во Буџетот не можат до крај да бидат остварени. Впрочем, до 2000 година Буџетот беше остваруван 100% во октомври или ноември месец, додека овие три месеци од 2007 година имаме остварување од околу 22%.

За разлика од општина Куманово, која има и капацитет во администрацијата да ги собира даноците, една друга соседна општина од општина Куманово, општинта Старо Нагоричино која исто така има ресурси човечки и потенцијал за да може да ги собере даноците, меѓутоа, нема од каде. Остварувањето на Буџетот на оваа општина за минатата година било 56%, притоа најмногу од ДДВ и персоналниот данок, додека остварувањето на Буџетот за 2007 година за овие три месеци е околу 17% исклучиво од овие два основа, додека многу малку или оваа година една, две трансакции на купување земјиште се направени во тој период.

Тоа значи дека општините во Република Македонија имаат потреба од дополнителни финансиски средства, згора на тоа што е намалена масата на пари со воведувањето на така наречениот рамен данок и директно се доведува во прашање опстојувањето на одредени општини во Република Македонија. Ако е целта на Владата со намалувањето на финансиски средства или со непомагањето во издвојувањето на поголеми проценти во буџетите на овие општини се создадат услови за да се измени Законот за територијална организација во Република Македонија и да го намалиме бројот на општините, ако за тоа има направено анализи во овој период, за што јас се сомневам мислам дека треба јасно да се каже намерата. На ваков начин со неприфаќањето на овие амандмани без никакво образложение, без изнесување на никакви податоци од страна на Министерството за финансии, мислам дека намерите се некои сосема други.

Затоа, сакам да ги замолам колегите пратеници од парламентарното мнозинство да го поддржиме овој амандман се во функција ние како најодговорни во Република Македонија во сферата на законодавството да не стоиме немо пред критиките за уназадување на процесот на децентрализација, туку да направиме нешто со што ќе го придвижиме овој процес напред, а со тоа ќе ставиме уште еден плус во процесот на евроинтеграции во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се потрудам да бидам многу краток, бидејќи излеговте во пресрет на барањето на СДСМ.

Ќе кажам само неколку зборови и ќе се надоврзам на мојата претходна дискусија кога зборував за персоналниот данок и реков дека тој е многу мал. Ќе зборувам особено од името на помалите општини каде што нема големи компании, нема банки, нема високи плати и придонесите се многу мали. Пред тоа кажав дека персоналниот данок кај голем број работници особено во малите општини, околу 90% е со најниска стапка. Тоа значи околу 560-580 денари се плаќа персонален данок или 3,5% односно 17-18 денари по еден работник. Тоа е многу малку.

Од тие причини, ги молам колегите пратеници, барем оние кои потекнуваат и доаѓаат од мали општини да го поддржат овој амандман, со цел да придонесеме сите заедно за поголеми средства собрани од персоналниот данок во општините. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

Има збор пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да укажам на големата важност на овој амандман, се разбира исто како и претходниот, меѓутоа, се надевам дека барем во овој случај парламентарното мнозинство ќе размисли во насока на поддржување на овој амандман.

Сакам да потсетам дека почетокот на процесот на децентрализација во Република Македонија беше еден од клучните фактори за стекнување на кандидатскиот статус на Република Македонија, заради тоа што беше внимателно следен и заради можноста да има сериозни импликации начинот на кој ќе се спроведуваат политиките или ќе се префрлат политиките од централната на локалната власт. Меѓутоа, во целиот период на подготовка на законите од областа на

децентрализацијата и при нивното донесување беше укажувано дека исклучително е важно да се води сметка за финансиската моќ на општините, заради тоа што во спротивно ќе се доведеме во ситуација на кочење на процесот на децентрализација и на неможноста на неговото спроведување. Тоа не е некаков фамозен процес, туку напротив, процесот на децентрализација е една од најдемократските придобивки, би рекла можност граѓаните да бидат што поблиску до локалната власт и да им се зголеми нивната можност да влијаат на одлучувањето за прашања и проблеми со кои секојдневно се судираат. За среќа, во оваа година и пол од спроведувањето на процесот на децентрализација имаме позитивни оценки и од домашните и од меѓународните експерти, меѓутоа, се укажа потреба пред почетокот на втората фаза на децентрализацијата и започнување на процесот на префрлање на фискалната власт или реализацијата на фискалната децентрализација на локално ниво дека е потребно да се преиспита можноста за зголемување на одредени основи кои овозможуваат финансирање или здобивање на локалната власт со поголеми финансиски средства или можноста за полнење на буџетите на локалната власт.

Факт е дека законите кои ги донесовме во овој мандат кои овозможија рамен данок, кој што има импликации на персоналниот данок, може да има последици за намалување на вкупните приходи во општините и тоа може да има сериозна импликација во нормалното функционирање на локалната власт, дури и во ситуација пред да започне фискалната децентрализација, а уште повеќе откако за тој процес ќе бидат обврзани единиците на локалната самоуправа.

Токму заради тоа, сметаме дека е потребно да се зголеми процентот од 3% на 4,5% од персоналниот данок кој што треба единиците на локална самоуправа да го добијат, за да им овозможиме подобра подлога да го пребродат првиот процес или да го започнат процесот на фискална децентрализација со многу подобра основа за финансиско зголемување на средствата во единиците на локална самоуправа. Кога го предложивме законот пред извесно време, кажав дека сум убедена дека многу скоро и Владата ќе сфати дека е неминовно редефинирање на ваквите проценти и дека очекувам дури и самата Влада да подготви закон со кој ќе предложи зголемување на ваквите основици, затоа што верувајте доколку тоа не се случи, ќе има сериозни проблеми во функционирањето на општините, за што не би ги обвинила административците во општините, како што го направија тоа некои мои колеги, туку напротив, би ги обвинила оние одговорни лица во Владата кои треба да направат ваква проценка и кои треба да овозможат услови за непречено функционирање на единиците на локална самоуправа.

Загрижува фактот што станува речиси пракса во овој период за одредени законски решенија да не се консултираат заедниците на единиците на локална самоуправа, што е законска обврска на Владата. Се надевам дека Владата ќе покаже сенс за ваквите барања на заедниците на единиците на локална самоуправа заради тоа што тие се најповикани да кажат со какви проблеми се соочуваат во нивното секојдневно функционирање и како неприфаќањето на зголемувањето, на можноста за зголемување на фискалните позиции во општините ќе се рефлектира на нивната работа. Меѓутоа, апелирам до парламентарното мнозинство, затоа што има можност да покаже дека ја увидело ваквата потреба на општините, со оглед на тоа што секој од нас доаѓа од некоја општина засегната со тоа како функционираат опшитните и дали се доволен сервис на граѓаните, да го прифати овој амандман, да покаже поголем сенс од Владата и на тој начин да овозможи процесот на фискална децентрализација да започне на вистински начин.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласаа 60 пратеници, ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратенци.

Во моментот на гласањето имаше 60 пратеници, така што уште еднаш амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Од вкупно 62 пратеника, гласаа 59, за гласаа 13, воздржани нема, против гласаа 46 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Оливер Спасовски, Борис Кондарко, Никола Поповски, Марјанчо Николов, Славица Грковска и Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, во името на предлагачите го повлекувам овој амандман.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен од страна на предлагачите.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Ацо Киров, Благородна Цветковска, Влатко Серафимов и Никола Рилкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Ова е една од измените во законот со кој што се врши директен упад на Владата во смисла на тоа општинте да можат да се задолжуваат поедноставно, односно Владата со претходното решение имаше можност општината да се задолжува во странство само со претходна согласност на Владата. Со измените Владата покрај задолжувањето во странство го додаде и задолжувањето во земјата, иако тоа беше регулирано со друг член во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и на тој начин повторно Владата си дава самата на себе повисока надлежност, односно ги става општините во подредена улога во ситуација да можат да се задолжуваат во земата и во странство. Сметам дека ваквото решение не е добро и дека Владата си презема преголем број на ингеренции. Мислам дека има простор, со амандманска интервенција ова законско решение да се подобри, имајќи ги во предвид некои решенија кои веќе постојат во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Значи, со нашиот амандман се предлага општините да можат да се задолжуваат во земјата и во странство само доколу ги исполуваат условите за краткорочни и долгорочни задолжувања кои што се утврдени во членовите 19 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Во членот 19 кој што се однесува на краткорочно задожување од Законот за финансирање на единиците на локалата самоуправа, јас би го прочитал, има три става. Првиот став е дека општината може да се задолжува краткорочно во земјата со заем што ќе го отплати до крајот на тековната фискална година. Вториот став, краткорочното задолжување се користи за покривање на привремен недостиг на готовински средства на општината, но не и за плаќање на казни и казнени камати. Третиот став, вкупниот износ на краткорочното задолжување во текот на фискалната година не може да надмине 20% од реализираните вкупни приходи на тековно оперативниот Буџет на општината во претходната фискална година. Сметам дека законот јасно укажува кога општината може краткорочно да се задолжува во овој член од Законот. И нема потреба Владата да си дава право таа да решава кога општината ќе може да се задолжи, или нема да може да се задолжи.

Членот 20 од постојниот закон ги регулира условите кога општината може долгорочно да се задолжи. Значи, тука има неколку става. Во ставот 4 јасно стои дека вкупниот износ на годишното отплаќање на долгот за долгорочно задолжување не може да надмине 15% од вкупните приходи на тековно оперативниот Буџет на општината во претходната фискална година. Исто така, тука е предвидено дека Советот треба да го одобри долгорочното задолжување. Јас не знам зошто Владата не го прифаќа овој амандман, или зошто министерот за финансии не ни даде образложение. Едноставно по овој член е јасно, во овие два члена е јасно дефинирано кога може општината да се задолжи и краткорочно и долгорочно и тоа задолжување да не го доведе во прашање тековното финансиско работење, односно не може да надмине одреден процент од приходите кои што ги остварува општината со претходниот Буџет. Многу е јасно и многу е логично ова да стои во решението кога општините можат да се задолжуваат. И се надминува она сомневање дека Владата сака да стави капа и на финансирањето на општините преку задолжување. Но, за жал, повторно како за сите досега наши амандмани, или предлози, немаме образложение ниту од Министерството за финансии, ниту од Владата. И затоа доколу колегите ме слушаа, би апелирал да го прифатат овој амандман, бидејќи внесува измени кои што се неутрални. И секоја општина ќе може да си го планира своето финансиско работење преку задолжување согласно ограничувањата што постојат во овие два члена. Не се фаворизира ниту Владата, ниту никоја локална самоуправа. Има јасни правила, или ќе ги почитуваат овие критериуми, или не ќе можат да земат кредит. Многу е јасно и едноставно. Мислам дека амандманот треба да се прифати.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Мислам дека овој амандман е еден од суштинските амандмани кои Владата требаше да го прифати. Иако лично се сомневав дека Владата ќе го прифати од причини што самата мотивација Владата да смени дел од законот со кој ќе биде рестриктивен за општините, а да ги даде надлежностите на Владата, беше мотив кој не верувам дека Владата ќе го смени ако опозицијата тоа го поднесе.

Прво, господинот Николов ги прочита одредбите од законот со кој е утврдено под кои услови општинте можат да се задолжуваат. Сега покрај тие услови во законот Владата додава уште еден, по мене исклучително политички критериум, а тоа е дека општината може да се задолжи во земјата само ако претходно Владата на Република Македонија даде согласност, ако претходно на тоа Министерството за финансии даде позитивно мислење на Владата на Република Македонија. Значи, со овој Закон и точно со членот кој сега е во амандманска расправа, Владата ако сакаме да гледаме суштински на работите во процесот на децентрализација извршува една централизација. Значи, ако не се прифати овој амандман, Владата на веќе децентрализирана надлежност на општините да можат да се задолжуваат во земјата под критериуми утврдени со закон, додава уште еден критериум, а тоа е да добијат

согласност од Владата на Република Македонија. Централната власт на Република Македонија е олицетворена во Владата. Фактот дека Владата врши централизација на веќе децентрализирана надлежност не е образложена. Заменикот министер по обичај си кажува: да, или не, без никакви образложенија. И сега со право можеме да се прашаме, односно да констатираме дека Владата врши натамошна централизација, наместо да врши децентрализација.

Второ, можеме да се сомневаме дека ова има и политички мотиви и тоа политичките мотиви се да се стави контрола врз начинот на финансирање на општините кои законот им го дозволува. Како што може централната власт да земе заеми, како што ги зема, на пример вчера земавте заем од Светска банка за финансирање на платниот биланс на Република Македонија од 30 милиони долари. Вие сега ова право им го ограничувате на општините на домашен план и тоа го врзувате со одлука на централната власт. Политичките мотиви ги гледам во следново. Владата е политички орган и кога врши централизација на начинот на кој сега е компонирана Владата, можам да се посомневам во минимум две работи. Прво, дека едниот коалиционен партнер кој има само една локална самоуправа каде што се мнозинство, а една партија која отсуствува од Парламентот ги има сите други, сега ќе ја изгуби можноста во финансирањето на своите општини да одлучува сама и ќе бара согласност од својата ривалска партија во Владата. Претпоставувам дека таа ривалска партија ќе биде рестриктивна, односно ќе го уништи правото на овие другите тоа да го прават соодветно и на другите општини во кои други опозициони партии, како мојата, имаат градоначалник и мнозинство во Советот. Тие надлежности сега им ги централизирате. Со оглед на тоа што го одбивате амандманот, ние од сега натаму будно ќе ги следиме службените весници и барањата на општините од опозицијата како вие го остварувате ова право.

Трето, ова не е првата мерка на централизација на Владата во сетот на децентрализација откако дојдовте на власт. Да набројам неколку. Кажано е за персоналецот. Господинот Илија Димоски кој на секоја наша дискусија во врска со персоналецот кога го намаливте зафаќањето, автоматски брцнавте и во џебот на општините, одговара со тоа дека апсолутниот обем на средства се зголемува, што е апсолутно неточно. Овде се работи за релативните односи, не се работи за апсолутните односи. Апсолутните односи не се битни. Битни се релативните односи во Буџетот. Инаку, ако зборуваме за апсолутните односи, можеме да ја прошириме дискусијата. На пример, вие годишно во вашата стратегија што сте ја доставиле и објавена е на веб сајтот на Министерството за финансии и до Европската унија, проектирате годишна инфлација во идните 5 години од 3%, а проектирате фиксен курс на денарот. Што значи 5 по 3 е 15% инфлација. А сите знаете дека инфлацијата е врзана, значи 5 години по три проценти не е петнаесет, туку сега не ја знам формулата во моментот напамет да пресметам, ќе дојде некаде до 17%. Значи во апсолутни бројки 17% се подјадува. Така што има многу критериуми што е релативно, што е апсолутно во овој случај. Затоа релативните односи се единствените важни. Да не зборуваме за фактот дека министерот за образование секојдневно на секоја изјава укажува дека процесот на децентрализација од јули 2007 година би требало да се продолжи уште малку, на втората фаза на фискалната децентрализација. Ако овој амандман не се прифати, јас можам со сигурност со 99% да предвидам што ќе се случи. Знаете, една чаша со вода никогаш не се прелева од една капка, капка по капка се собира и на крај една капка ќе ја прелее, кога ќе се наполни до горе, следната капка ќе ја прелее чашата за таа капка. Бидете сигурни дека овие чекори ќе водат, не треба воопшто да претпоставуваме што ќе се случи. Како што јас овде ги штиклирам една по една , ги штиклира и некој друг. Ќе дојде нов извештај и на Европската унија и на другите фактори во кои ќе кажат: Процесот на децентрализација не се проширува, а има индиции дека се стеснува и ќе го наведат и овој принцип. И затоа мислам дека Владата греши. и оваа мерка ако се донесе, еден ден ќе мора да се корегира, затоа што во законот има вградено критериуми. Зошто ние како легислативен дом имаме причина да не веруваме на градоначалникот на Кочани или на градоначалникот на Прилеп, а да верувам на министерот за финансии и на Владата. За надворешното задолжување имаме полно разбирање. Јас лично сум свесен зошто тоа се прави, затоа што екстерната ликвидност на државата мора да ја контролира тој што е одговорен, Владата на Република Македонија. Не може општините да ја надминат екстерната задолженост по критериумите на Владата и на Собранието со сопствени одлуки без нивна согласност. Меѓутоа, кај внатрешниот долг тоа апсолутно не е потребно. Мислам дека Владата ја централизира во овој случај својата власт, ја превзема од општините со овој амандман, ако не го привати и прави сериозна грешка.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Сакам да кажам неколку аргументи зошто ќе го подржам овој амандман поднесен од колегите од пратеничката група на СДСМ. Впрочем и во расправата која беше во општиот претрес по текстот на законот едно од проблематичните прашања кои што беа, го покренав и прашањето околу задолжувањето на општините што директно задира во процесот на децентрализацијата и остануваме само на голи декларации дека се залагаме да ја спроведеме до крај, меѓутоа се враќаме чекор наназад и полека, но сигурно работите ги централизираме. Морам да кажам дека оваа одредба од овој закон некако ме

потсети на едно време во 1998, 2002 година кога исто така имаше една несреќна одлука во рамките на локалната самоуправа која што беше за вработувањата. Во таа одредба, во тој закон се велеше дека за општинската администрација треба да се добие претходна согласност од претседателот на Владата, а во тој период одлуките ги потпишуваше шефот на неговиот кабинет. Тогаш беше поведена иницијатива за оценување на уставноста и законитоста и на 1 август 2001 година Уставниот суд се изјасни дека на тој начин директно се задира во локалната самоуправа. Ако тогаш во тој период кога не започнал со таква брзина, динамика и со такви ефекти да се спроведува процесот на децентрализација, сега во овој момент да носиме закон од која што одредба јасно се гледа дека го враќаме процесот и ја централизираме локалната самоуправа, со тоа што директно може и политички да се манипулира во одредени локални самоуправи што беше одлика во сите 15 години во Република Македонија одредени единици на локална самоуправа да се фаворизираат за разлика од други.

Мислам дека ќе донесеме неправилна одлука и токму заради тоа го предложивме овој амандман, за да може да продолжиме, согласно она што го зацртавме како наш план во процесот на децентрализација во Република Македонија.

Не можам да се согласам дека овие одредби се со цел да се воведе поголема контрола во единиците на локална самоуправа, како и на кој начин ќе се задолжуваат општините, или јавните претрпријатија.

Условите кои што се предвидени со Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа се доволни и од нив произлегуваат правата и обврските на единиците на локална самоуправа да имаат задолжувања во земјата и во странство. Да не зависи од волјата на министерот гарнитурата која што е моментално на власт во Република Македонија. Законите не ги правиме за одредени политички структури, туку закони кои што ќе бидат применливи, со цел да можеме да имаме поефикасен систем. За контроли и за сите други работи постојат соодветни институции, кои што во секој моемнт во Република Македонија, како во локалната самоуправа, така и на централно ниво ќе можат да согледаат како и на кој начин се спроведуваат законите и Уставот во Република Македонија.

Затоа сметам дека треба да се даде поддршка на овој амандман, да искажеме јасна политичка волја на Собранието на Република Македонија дека сме за продолжување на процесот на децентрализација, а не полека но сигурно да ја централзираме локалната самоуправа, што е спротивно и на определбите и на Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓица Грковска Славица. Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Сметам дека тежината на овој амандман е прилично сериозна, ако се земе во еден глобален контекст. Самиот факт на неприфаќање на амандманот веќе укажува на еден сигнал на политиката која што оваа Влада ја применува, ккога станува збор за понатамошно имплементирање на процесот на децентрализација и начинот на кој што сака да владее.

Морам да потсетам дека една од првите работи кои што се случија кога Владата на ВМРО-ДПМНЕ и нејзините партнери дојдоа на власт, е сериозниот упад и загрозување на ингеренциите на единиците на локална самоуправа со обидот и со одземање на надлежностите на единиците на локална самоуправа, прво, во сферата на образованието, каде што одредени градоначалници селективно и без објективни причини, туку од чисто политички причини им беа одземени надлежностите, со цел надлежностите и нивните ингеренции во сферата на образованието да се префрлат на централната власт. Тоа беше еден обид. Она што се случува во меѓу период, укажува дека таквите обиди на централната власт и понатаму продолжуваат, дека тоа биле само пробни балони како може тој процес да се врати назад и да се вратиме на ситуација која што сме ја имале пред почетокот на процесот на децентрализација кога сите политички партии тврдеа дека е една од најголемите демократски достигања на една држава. Тоа покажува сигнали дека Владата промовира апсолутистичко и тоталитарно владеење, дека не ги практикува демократските принципи и во крајна линија не ги почитува сите оние придобивки, кои што досега сме ги обезбедиле како држава и за кои сме добивале пофалби и позитивни сигнали.

Јас сум убедена, со оглед на тоа што и работата на Парламентот е под анализа, затоа што работата на Парламентот исто така е дел од Извештајот на Европската комисија дека повторно ќе се доведеме во ситуација, како што во последниот Извештај за прв пат се појави укажување дека постои проблем во политичкиот дијалог, како што за прв се појави дека постои проблем во функционирањето на Собранието, дека во наредниот Извештај на Европската комисија, за жал може да се случи.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам колешке, ајде да се држиме на амандманот.

**Славица Грковска:** Наместо имплементација на процесот на децентрализација, имаме враќање назад и одземање на ингеренциите на единиците на локална самоуправа и тоа, дали со одлуки на одреден министер, со одземање на надлежностите во одредени сегменти на општините, или пак, со одредени законски решенија , дел во овој закон, дел во други закони, со што, автоматски се кочи и се прекинува процесот на децентрализација во Република Македонија.

Јас сакам уште еднаш да потсетам дека процесот на децентрализација беше еден од клучните фактори за добивање на кандидатски статус на Република Македонија. Јас не знам дали владеачкото мнозинство е обесхрабрено, или пак му е неважно како овој процес ќе се одвива, имајќи ја предвид неуспешната надворешна политика на Република Македонија и забавување на процесот на Република Македонија во приближувањето кон Европската Унија. Па затоа сметам дека треба се да прифати и да направи онака како што во овој момент одговара, без да е свесна за какви последици може да предизвика ваквото однесување понатаму.

Апелирам парламентарното мнозинство да покаже голема совесност од претставниците на Владата, да ја сфати сериозноста на амандманот, затоа што реков тоа треба да се гледа во поширок контекст, во поглобален контекст и пред моментот на гласање да бидат свесни дека не гласаат за тоа дали ќе го отфрлат амандманот, поднесен од пратениците на СДСМ. Во тој момент глаaат за тоа далли ќе продолжиме во насока на децентрализација, или ќе се враќаме назад во насока на централизација. Дали ќе продолжиме во насока на брзо чекорење кон ЕУ, или враќање назад многу, многу чекори. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за госпоѓа Авировиќ Владанка. Повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам потпреседателе,

Се јавувам за реплика ,

Прво сакам да изразам едно негодување, бидејќи најмалку се задржа почитуваната колешка кон дадениот амандман.

Понатаму, би сакала да кажам една моја размисла во смисла на дадениот Предлог закон. Сметам дека во поранешниот период градовите премногу си земаа свои задолжувања и сега се наоѓаме во ситуација, каде што многу општини не можат да ги вратат долговите. Не се согласувам дека е важна само екстерната ликвидност на државата, туку потребна е интерната ликвидност да се подобри. Во таа смисла морам да направам и уште една друга, односно во друг правец дискусија, а тоа е дека мора ние да ја доведеме државата да ги зајакне капацитетите на општините. Овде не станува збор дека ќе се намали процесот на децентрализација. Досега таков став ниту Владата, ниту во досегашните заложби, немам апсолутно некаква дилема дека ќе продолжи процесот на децентрализација. Ние сме сведоци дека општините, посебно градот Скопје дека се презадолжени. Дали и понатаму ќе придонесуваме тие општини да останат презадолжени. Кој ќе ги враќа долговите. Значи во таа смисла јас го подразбирам овој Предлог закон кон целосно јакнење на капацитетите и на општините и на државата, бидејќи процесот на децетрализација е многу сложен и бара постојано пратење, онаму каде што е потребно, државата мора да донесе некоја регулатива. Инаку, ако е некоја општина јака и ако сака да направи задолжување, не гледам никаква причина да не добие согласност од Министерството за финансии. Во таа смисла ја отстранувам дилемата дека некои општини, на кои што градоначалниците им се од страната на позицијата ќе добијат поголеми и пошироки можности за да се задолжат и нивната општина повеќе ќе се развие. Апсолутно, мислам дека за тоа не станува збор. Значи, овде станува збор за јакнење на капацитетот на општината. Онаа општина која што може да земе повеќе средства било за внатрешен, или за надворешен долг, таа сигурно дека ќе добие согласност од Министерството за финансии. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Мене многу ми е жал, што впечатокот е тој дека не сум зборувала за амандманот. Напротив, јас зборував за амандманот и за целата комплексност што неприфаќањето на тој амандман ја носи. Зборуваме за суштината на децентрализацијата. Мене не ме изненадува тоа затоа што ниеден претставник на Владата не излегол јавно да каже дека тие се против децентрализацијата. Тоа не го очекувам, ниту ќе го доживеам. Меѓутоа, конкретните чекори што Владата ги презема се факт што зборуваат дека наместо децентрализација ние се враќаме назад и применуваме процес на централизација, благодарение на ваквите мерки што се предлагаат од страна на Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за пратеник господин Илија Димовски. Повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван потпретседателе,

Иако дискусијата на колешката Грковска веројатно, воопшто не беше поврзана ниту со амандманот, ниту со Предлог законот кој што го имаме денеска на дневен ред, јас чувствува потреба да се јавам, прво да ги негирам тврдењата дека парламентарното мнозинство и Владата на РМ се против децентрализацијата на власта во РМ. Напротив, сакам да потенцирам дека парламентарното мнозинство, а 100% сум убеден дека и Владата на РМ силно ја поддржува децентрализацијата и вложува огромни напори за успешно спроведување на процесот на децентрализација. Меѓутоа, треба да бидеме свесни дека има уште еден паралелен процес во смисла на јакнење на капацитетите на единиците на локална самоуправа. Ние мораме општините да ги направиме да имаат капацитет да ги понесат сите одговорности кои што им следат по Законот за локална самоуправа. Не смееме да дозволиме општините да не ги извршуваат своите обврски, поради тоа што со тоа само граѓаните би изгубиле, а некој тука евентуално, би добил ситен политички поен. Таквата ситуација не смее да се дозволи. Дали Владата прави напори, или не прави напори во смисла на продолжување на процесот на децентрализација, јас би ја потсетил колешката дека само пред неколку дена заеднички изгласавме Закон за рамномерен

регионален развој, во кој што веројатно, ќе ги пронајдеме сите слабости на локалната самоуправа.

Факт е дека во РМ има општини со многу различен и дисперзиран капацитет. Има општини кои што едноставно лесно се снаоѓаат во овој процес, меѓутоа има мали рурални општини, кои што не се снаоѓаат. Меѓутоа, ние мораме да овозможиме преку рамномерниот регионален развој сите општини во РМ да го постигнат капацитетот. Се друго што се дискутира овде се ситни политички поени и обид за правење на проблеми во функционирањето на Владата на РМ. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Славица Грковска. Повелете.

**Славица Грковска:** Мене ми е жал навистина, што не можат пратениците да ја разберат тежината на амандманот. Ако сте 100% убедени дека силно ја подджувате денцентрализацијата, тогаш јас ве повикувам да гласате за амандманот, затоа што на тој начин и дефакто ќе покажете дека е тоа така. Меѓутоа, самиот факт што вие после оваа реченица продолжувате со зборовите:"Меѓутоа, треба да овозможиме општините да имаат капацитети", ми дава за право да констатирам дека и вие имате резерва на натамошното имплементирање на процесот на децентрализација и затоа, за вас се прифатливи вакви мерки, за што, како да се согласам, Законот за рамномерен регионален развој го утврдивме во прва фаза, ја утврдивме потребата за негово донесување и имавме сериозни забалешки, доколку сте слушале внимателно, а каков ќе биде во втората фаза и дали ќе го овозможи тоа што сите сте сакале, останува да видиме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник Марјанчо Николов. Повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам,

Прво навистина многу ми е жал што за едно суштинско прашање, или суштински сегмент од финансирањето на единиците на локална самоуправа и процесот на децентрализација, повторно, некој немајќи аргументи го сведе на ситни политички поени, или некаков маркетинг во Собранието. Разговараме за суштинска работа. За финансирање на единиците на локлана самоуправа. Ако сакаме единиците за локална самоуправа да се консолидираат, кадровски да се екипираат, да ги решаваат проблемите на граѓаните, да бидат вистинска локална власт, покрај другото, треба и пари. Како ќе бараме од општините да вршат надлежности и функции, а од друга страна им ги ограничуваме финасирањата. Владта се фали во јавноста дека врши регулаторна гилотиња или дека ги олеснува процедурите. Со овој закон правиме кафез околу децентрализацијата. Законски ги ограничува единиците на локална самоуправа. Мислам дека вака без аргументи само се прифаќа, или не се прифаќа амандманот, во голем дел сме хендикеприани да дискутираме по ставови. Зошто е тоа така? Но факт е дека ако не се подобри амандмански текстот дека директно Владата си ги зголемува надлежностите во делот на финансирањето на единиците на локална самоуправа. Дури во членот не е наведено ни по кои критериуми Владата ќе дава, или нема да дава согласност за задолжување. Ни тоа го нема. Како сега ние да веруваме дека тоа ќе го прави Владата, согласно некои критериуми. И долговите на општините не се во најголем дел поради кредитно задолжување, туку поради тоа што за време на избори се порачувале работи, а подоцна се усвојувале фактурите за плаќање. Затоа најголем дел од општините се задолжени. И клучниот аргумент со процесот на децентрализација и со одење во втората фаза, во голем дел се намалени долговите на општините и започната е финансиска консолидација. Нека излезее Министерството со аргументи, нека каже од тие 50.000.000 евра, дали сега долгот е зголемен или намален и дали општините почнаа финансиски да се консолидараат. После да зборуваме дека амандманот е популистички или не е. Суштинска е работата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Почитуван колега, 8 минути дали ќе ви бидат доволни. Повелете.

Има збор пратеник господин Никола Поповски:

**Никола Поповски:** Благодара потпретседателе.

Мислам дека заслужува внимание овој амандман и овој обид на Владата. Значи, од дискусиите и од молчењето на Владата, совршено е јасно. На општините им се одзема една надлежност со овој закон и таа надлежност се дава на Владата. Тоа се вика централизација на власта, а не децентрализација.

Со оглед дека Владата не дава објаснување на упорните барања за аргументи, ајде да ја прошириме дискусијата за амандманот и на овој начин.

Во вашиот член 6, финансиската нестабилност ја проширувате да може да извлече и министерот за финансии, наместо досега како што уредуваше членот 39.

Меѓутоа, во членот 39 од Законот господин заменик министер, стои вака: Финансиска нестабилност на општината настанува, доколку има еден, два, три, четири алтернативни услови. Тие не се кумулативни. Било кој од тие да се задоволи, настанува финансиска нестабилност на општината.

Четвртиот услов гласи, цитирам:"Општината ако ги надмине максималните ограничувања за задолжување, согласно со овој закон".

Значи совршено е јасно дека ако општината се задолжи повеќе од што треба настанува финансиска нестабилност, за што има мерки во законот.

Со амандманот кој сега го дебатираме стои дека општината може да се задолжи од земјата и странство со дозвола на Министерството за финансии, Значи, да го извлечеме сега до крај политичкиот потег.

Ако општината ги надмине максималните ограничувања за задолжување, по член 39, со вашиот закон тоа може да го направи само доколку добие “согласност на Владата утврдена со мислење од министерот за финансии”. До сега ова важеше затоа штоопштината можеше да се задолжи, да ги надмине условите, Министерството да преземе мерки согласно со финансиската нестабилнсот. Меѓутоа, бидејќи сега вие давате последна согласност општината не може веќе да ја надмине задолженоста без да дадете согласност од Министерството за финансии. Тогаш прашувам отворено, меѓутоа не очекував да дадете мислење, вие тука имате само еден аргумент, доволно прсти на пратеници од власта, дали министерот за финансии е спремен ако утврди отсега натаму финансиска нестабилнсот врз основа на зголемвуање на ограничувањата за задолжување утредента да поднесе оставка, затоа што ако тоа се случи, тоа може да се случи само ако тој даде претходно согласнсот.

Овој амандман го задолжува министерот сите задолжувања да ги контролира, што значи тој сам на себе ќе си утврдува финансиска нестабилност. Сакам отворено да прашам дали сте спремни, бидејќи сте претставник на Владата министерот за финансии, ако се утврди финансиска нестабилност од член 39 став 1 алинеја 4 веднаш да поднесете оставка, затоа што вие тоа сте го овозможиле со новиот член. Дајте го одговорот. На крајот на краиштата што е било која логика на расправа ако вие се смешкате само, не давате никакви одговори, ги централизирате општините и т.н. Што очекувате од Парламентот? Да вис е смешкаме и ние од другата страна и да ви кажеме дека добро ја терате работата кога грешите. Еве ве повикувам да кажете дали ќе дадете оставка ако општините се презадолжени врз основа на вашата согласнсот.

И уште нешто. Согласно амандманот 14 од уставните амандмани овој закон се донесува со Бадентеровиот принцип и ги повикувам пратениците на ДУИ јавно од 3-ти веднаш да се вратат во Парламентот, затоа што додека вие преговарате со ВМРО-ДПМНЕ на зелена маса, ВМРО-ДПМНЕ со ДПА ќе ви ги одземе сите надлежности на општините во Парламентот со закон, што вие не можете да го срушите со Бадентеровиот принцип.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути за реплика за господинот пратеник Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Очигледно дека денеска се откри господинот Никола Поповски. Кога им даде наредба да го напуштат Парламентот им кажуваше да останат и да се вратат тогаш кога ќе добијат наредба. Денеска добија нова нареба, па ги очекуваме во понеделник. Фала многу.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута за контра реплика за пратеникот господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Па, да сум јас на ваше место би бил загрижен, затоа што немајќи ниту една општина освен Сарај со ваша локална самоуправа, вашата пратеничка група логично ми е дека ќе бара да ги централизира надлежностите на единиците на локална самоуправа. Меѓутоа тоа оди во ваша корист, а на штета на Република Македонија. Тешко ќе објасните зошто го вршите процесот на централизација од теснопартиски интереси. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи е крајот на времето кое го побара пратеничката група на СДСМ, овде ја завршувам денешната работа.

Продолжуваме во понеделник со нова 36-та седница, во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,27 часот)